# РИСТО ТОДОРОВ

ЛУБ "БЛАГОЈ ЈАНКОВ-МУЧЕТО" СТРУМИЦА
C 821.163.3-2
ТОДОРОВ РИСТО
Гневот на злото
100049746
COBISS

# ГНЕВОТ НА ЗЛОТО

Ристо Тодоров

# ГНЕВОТ НА ЗЛОТО

*Издава* *МАКАВЕЈ – Скопје*
тел. 02/ 3290 528, 075 36 50 50
e -mail: makavej@ mt.net.mk
www.makavej.com.mk

*Директор и главен уредник*
Владимир Цветкоски

*ПОЛИЦА*
***МАКЕДОНСКА СОВРЕМЕНА ДРАМА***

*Компјутерска подготовка*
„Макавеј"
*Дизајн на корицата*
Кристи Георгиевски

CIP Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје
821. 163. 3-2

ТОДОРОВ, Ристо
Гневот на злото: / Ристо Тодоров ;- Скопје: Макавеј,
2008. 143 стр. ; 20 см. – (Полица Македонска современа драма)

Белешка за авторот: стр. 141
ISBN 978-608-205-004-1
COBISS.MK-ID 74138378

* * *

Сите права на изданието ги има ИД „Макавеј" - Скопје.
Забрането е копирање, размножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без одобрение на издавачот

К. И ______ Бр ______ Ден. ______

ристо тодоров

# ГНЕВОТ НА ЗЛОТО

СТРУМИЦА

2008

*ГНЕВОТ НА ЗЛОТО*

## Лица:

ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА СТРУМИЦА

Софија, директорка, професор
Гале, директор, професор
Видра, жена на Гале
Петре, син на Видра и Гале
Силвана, благајничка
Славе, професор
Драгица, професорка и жена на Славе
Дамјан, професор
Павле, професор
Сребра, професорка
Емил, психолог
Димитар, хигиеничар
Првиот инспектор
Вториот инспектор
Судијата
Дактилографката

# *ЧИН ПРВИ*

*Во домот на Видра и Гале. Современо опремена дневна соба, поврзана со кујна и спална. Сред собата се наоѓа маса со четири стола и вазна со цвеќе. До еден од ѕидовите се наоѓа кревет, а наспроти него влезна врата. Во еден кош има телевизор на постамент и телефон до него. Гале лежи на креветот во дневната соба, а Видра мие садови во кујната, потоа влегува во дневната соба со чинија в рака.*

ВИДРА: (*Налутено.*) Што си се испружил?
ГАЛЕ: (*Милостиво.*) Лежам љубена, лежам.
ВИДРА: Си легнал надолж како смок на припек.
ГАЛЕ: И... мислам.
ВИДРА: Ти мислиш?
ГАЛЕ: Токму јас.
ВИДРА: Ништо, ти ништо не мислиш!.. Не знаеш...
ГАЛЕ: (*Ја прекинува брзо потстанувајќи.*) Што не знам?
ВИДРА: Не знаеш како да ја искористиш твојата мисла најрационално и најефикасно.
ГАЛЕ: (*Поѓласно.*) Е-хее, сум ја користел, користел и направил...
ВИДРА: (*Го прекинува.*) Исткаена черга од партали што се собира под секоја моја стапка.

ГАЛЕ: Еве ја, во дневнава крај тепихот, траен спомен од мајка ми.
ВИДРА: Траен? Честопати под нозете се собира, се сопнувам и паѓам. Ти ме натера да ја постелам и сега е како препрека да моите нозе совладуваат.
ГАЛЕ: (*Подбивно.*) Паѓаш на свадбен мајчин мек дар, мила моја.
ВИДРА: (*Зачудено.*) Дар!? Симбол на немаштија и глад.
ГАЛЕ: (*Станува од креветот и оди настрана.*) Напротив, симбол на традиционални народни шари низ прекрасната черга што е за респект, па така сите странци купуваат слични черги да ги красат нивните домови ценејќи ја ракотворбата од македонското поднебје.
ВИДРА: Народни шари?! Шарени, шарени, шаренолики како тебе!
ГАЛЕ: Токму така, шарени, шаренолики како мене, поклоник на народна традиција.
ВИДРА: Доста веќе за таа черга, туку... Во последно време твоите идеи за подобар живот исчезнуваат и се празна надеж во нашата заедничка иднина.
ГАЛЕ: Затоа и мислам легнат в кревет.
ВИДРА: Тоа твое мислење и размислување ме тера да полудам. Ако не сум јас 'ркулецот на твоето мислење и размислување со години ќе ти варев качамак по рецептот на мајка ти.
ГАЛЕ: (*Нагласено.*) Ајде, те молам Видра, не се обеспекојувај! Врати се таму во кујната и продолжи да ги миеш чиниите да бидат чисти како

белилото на твоите заби и светли како сјајот во твоите зелени очи.

ВИДРА: *(Налутено.)* Таму? Во кујната повторно?

ГАЛЕ: Да, мила моја, Бог ти го дал тој женствен дар да бидеш кралица на кујната.

ВИДРА: *(Уште поналутено ја треснува чинијата од подот.)* Е, не! Повеќе не! Не гледаш какво ми е лицето?

ГАЛЕ: (*Малку посериозно.)* Какво?

ВИДРА: *(Уште поналутено.)* Такво! Облеана во пареа! Почна да ми вене како цвет под сенка! Рацете од стргање садови ми огрубеле како за'рѓено гребло, а снагава ми е опустена како расфрлено снопје! Јас да ти бидам слугинка, а господинот Гале испружен в кревет со празни мисли и идеи!?

ГАЛЕ: *(Оди кон неа со милостив глас.)* Полека, полека жено, не се нервирај! Успокој се, убавината никој не може да ти ја украде. (*Ја потфаќа по лицето и телото.*) нежноста на лицето ти е понежна и од површината на цветовите. Не се вознемирувај, твојата бујна става нема да исчезне и чувствувам како снагата ти е цврста како стегнат сноп, а не расфрлено снопје. М... уметнички облини, немам љубовна наситка на нив, моја убавице.

ВИДРА: (*Налутено се оттргнува.*) Робинка, сакаш робинка да ти бидам во кујната? Не! Не и не! (*Ја симнува престилката и му ја фрла в лице.*) Еве ти ја! Ти оди таму! Во онаа сауна! Таму да си го излечиш ишијасот што ти го стега

левиот колк и левото рамо кога е студено времето. Си одам!

ГАЛЕ: (*Оди кон неа смирувачки фрлајќи ја пресшилкаша насшрана.*) Видра, те молам Видра, не оди си! Што ти падна на ум? Што сум ти згрешил?

ВИДРА: *(Налушено.)* А, што сум јас за тебе? Сонце што заоѓа без изгрев? Месечина што денот ја гризе? Ти си еден гнил ќутук што оган не прави! Само чади, чади и чадот ги стежнува моите надежи.

ГАЛЕ: (*Ушешувачки.*) Те молам, Видра немој така, ако треба ќе клекнам милост да измолам. *(Клекнува.)* Еве сум пред тебе понизен слуга... Осум години работев како крт? Ти носеше ли тој крт, или тој ќутук полни портофели со пари?

ВИДРА: (*Поналушено.*) Ама те сменија од директор и стана ништожник во фамилијата, и без авторитет во градот! Градска жена имаш, еј! Свести се! Те донесов од едно полско расфрлено село каде беше наставник, те направив директор со мојот авторитет и многу малку твој и стана градски човек, градски да живееш, а ти?

ГАЛЕ: *(Зачудено йрекинувајќи ја)* Што јас?

ВИДРА: *(Найласено)* Што ти?! Си остана со твоите селски манири да ми спомнуваш: черга од мајка ми, рало од татко ми, крава од баба ми... а јас в кујна да ти мијам садови... Сега ти ќе миеш да видиш како е во онаа врела сауна каде готвам и мијам садови!

ГАЛЕ: *(Полека сшанува од колена.)* Ако затреба ќе мијам и јас садови и ќе готвам, само не ме

оставај! Не сакам да ги доведеме пријателите да ми се потсмеваат. Знаеш луѓето какви се, чекаат да те видат во лошо, а потоа и со потсмев се нафрлаат како мравки на храна.

ВИДРА: *(Нагласено и малку посмирено.)* Добро... Имаме телефон?

ГАЛЕ: *(Расположено.)* Да де, имаме како да не!

ВИДРА: Е, па што чекаш, јави се на сите претседатели на партиите и собори ја онаа разгракана црна врана и кавгаџика што се надвиснала над нас и само грака и грака со гордост во гласот како училиштето да е нејзино .

ГАЛЕ: *(Љубопитно.)* Што да им речам на претседателите на партиите?

ВИДРА: Како што? Ќе речеш, во училиштето "Војвода Карпош" е хаос, учениците бегаат од часовите и откако стана директорка, професорите не ги држат часовите и самоволието стапи на сцена! Тоа ќе речеш!

ГАЛЕ: *(Се досетува.)* Арно велиш... Убав предлог за справување со онаа црна разгракана врана.

ВИДРА: *(Продолжува со ист тон.)* Запамети во својата лејка, училиштето го направи контејнер за ѓубре,место чисто воспитно образовно место! Снајди се! Луѓето државата ја крадат и продаваат, а ти остана ништожник со празни џебови, празни начини на снаоѓање за да ја надминеме оваа состојба во која сме западнале откако те сменија од функцијата директор.

ГАЛЕ: *(Со треперлив глас.)* Сè уште не сум ништожник, драга моја... Сè уште сум фигура за

почит во фамилијата. Нели и јас по малку се снаоѓав и да не речам по малку поткраднував?
ВИДРА: *(Наīласено.)* Има на големо, на големо, да се снаоѓаш како некои премиери и некои министри во врвот на власта што со милиони крадат. Си легнал в кревет како сом фатен во мрежа! Што чекаш? Трчи на телефонот!
ГАЛЕ: *(Забрзано оди кон шелефонош.)* Веднаш! Веднаш мила моја! *(Ја крева слушалкаша и īо врши бројчаникош.)* Ало! Ало! Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ? *(Пауза.)* Здраво патриоти со највозвишена историска гордост! Јас сум Гале Никовски, Ваш член од стари вмровски корени и со идеолошко чувство на отсекогаш самобитност на нашиот народ за независна македонска држава, сакам да ве известам за нешто, како верен и достоен патриот, дека во нашето училиште „Војвода Карпош“ во Скопје се случуваат чуда... *(Пауза)* Какви чуда? Да знаете таа новата директорка што ја наместија од СДСМ, а мене ме сменија бидејќи се научиле дека сум вмровец, низ сите колеги во училиштето го величи СДСМ како водечка сила на државата, а го напаѓа ВМРО-ДПМНЕ. *(Кратка пауза)* Молам? *(Кратка пауза)*... Да, јас на сето тоа се спротивставив и затоа ме сменија, и бев тој што го воздигна училиштето до висок степен на квалитет во образованието и воспитанието. Таа ја наместија со врски и клевети против мене дека сум подржувач на програмата на ВМРО - ДПМНЕ и неконструктивно делувам во средината... Дури сакаше и да ме истера од училиште-

то како идеолог на вмровците тука, така се обраќам до вас да ѝземеме мерка и да ја симнеме од функцијата директор. Знаете што прават тие есдесовци? .. Постојано ни се закануваат да не отстранат од работа сакајќи да ни внесат страв во крвта како што правеле некогаш нивните претходници казнувајќи го со тепање, затвор и смрт непокорниот космополитски род за своја самостојна независна македонска држава на чело со првиот претседател Ченто. *(Пауза)*... Ако дојдеме на власт пак ќе ме ставате директор? *(Пауза)*... Прекрасно, прекрасно, тогаш таа ќе го почувствува и нашиот пламен на праведноста, а не на одмаздата - нашата цел е благородна, вдахновена со патриотски чувства кон својата земја и народ! Со години се борам против подлизурците на туѓите натрапници што сеат раздор меѓу нас и пречат во нашето самостојно управување.. *(Пауза)* Добро, добро само да победиме на парламентарните избори, па тогаш ќе ја почувствуваат нашата справедливост, нашата самопрегорност за подобар живот... *(Пауза)* и понатаму да продолжам во својата средина да делувам подржувачки на програмата на ВМРО-ДПМНЕ и ќе ме вратите пак директор... (*Пауза)* Благодарам, благодарам... Дослушање, дослушање.

ВИДРА: А што ако не победат и не ја освојат власта?

ГАЛЕ: Ништо... Токму ништо...

ВИДРА: Слушај!

ГАЛЕ: Да.

ВИДРА: Сега јави се на некоја друга партија што е можно да победи... Размати ја водата, зашто во матно се ловат рибите.
ГАЛЕ: На која да се јавам? Што мислиш?
ВИДРА: На која? На горливата ДПА!
ГАЛЕ: Арно велиш... (*Го врти бројчаникот.*) Ѕвони, закачи од првпат...
ВИДРА: (*Тивко.*) Сега поексплозивно...
ГАЛЕ: Ало! Ало!.. *(Пауза)* Претседателот на ДПА? *(Пауза).* Здраво шок! Здраво другар! Како си? Што правиш? *(Пауза)* Јас сум Гале Никовски сменет од функцијата директор на Средното општинско училиште "Војвода Карпош" од Скопје. *(Пауза).* Ме смени позиционата СДСМ како опозиционер и подржувач на многумина албански наставници во нашето училиште што се борат за нивните човекови права и слободи. Тие колеги Албанци постојано се казнувани со отсечување на дел од платите и трпат закани со отстранување од работа како непријатели во училиштето и државата... Моите идеи се одлучни за мултиетничка Македонија со целосна еднаквост со Албанците во поглед на државното управување, јазик, вера и култура. *(Пауза)* Јас цврсто верувам дека ќе победиме на парламентарните избори на чело со ВМРО-ДПМНЕ и цврсто верувам дека новата влада, за министер на образованието ќе стави Албанец кој мене ќе ме има во обзир да ме врати пак директор на "Војвода Карпош" од Скопје и тогаш јас ќе ѝ кажам на таа есдесовка како се управува... Има да ја направам хигиеничарка или курирка,

да види со чиј авторитет си поигрува и чиј албански авторитет омаловажува... *(Пауза)* Така, само да победиме на изборите... повторно ќе ме ставате за директор? *(Пауза)*... Благодарам, благодарам... Дослушање, дослушање.

ВИДРА: (*Посмирено, со задоволство.)* Срце мое, гледаш како тргна. Тие таков бараат да дознаат што се случува околу нив, а потоа ќе тргнат во противнапад со свои луѓе, свои методи и средства и дојдат на водечки министерски места. И кога зборуваш, зборувај погласно бидејќи погласното зборување е знак на сигурност и убедување. А сега јави се на владеачката позициона партија СДСМ. Ако си мудрец, биди мудрец до крај. Тие те сменија од клевета од онаа разгракана црна врана. Има да направиш сѐ да станеш по третпат директор!

ГАЛЕ: Да, мила моја, да, убаво велиш, осум години работев со нив: првиот пат избран од Училишната комисија, а вториот поставен од нив. Како се сети?

ВИДРА: Јас да не се сетам? Актерка одиграла бројни главни роли и успешно испливала од бројни заплети. Што чекаш? Врти! Има по третпат да бидеш поставен за директор, по твоја и моја итрина, и по твоја и моја желба... За повисок стандард во фамилијата... Пак да одиме со гордост по градските културни случувања, а не да велат го сменија од директор и го нема нигде...

ГАЛЕ: Да, драга, да... (*Го врти бројчаникот)*. Ало! Ало! Претседателот на СДСМ? *(Пауза)*...

Јас сум Гале Никовски доскоро сменет директор на Средното општинско училиште "Војвода Карпош" од Скопје. Се прашувам како можеше нашиот министер за образование Новаковски да смени еден ваков авторитет како мене кој е таен агент на ДБК и непрегорно ги поддржува поранешните идеи на СКМ, а сега и продолжената СДСМ? *(Пауза)*... Имаше протесни писма за моето финансиско работење и аномалии во управувањето со колективот и да ја разрешите состојбата во корист на општо добро за сите во моево училиште донесовте одлука за моја смена? Иако сме од иста партија?... Чудно? *(Пауза)*... Како да заборавивте дека осум години со авторитет го водев "Војвода Карпош" од Скопје и како да заборавивте колку макотрпна работа сум вложил за да го подобрам воспитно- образовниот процес? *(Пауза)* Имаше подршка од некој нејзин повисок партиски функционер и моравте да донесете ваква одлука за смена на мене? *(Пауза)* Така е кога непотизмот ги поддржува корените на родоникнувањето и назначување на свои роднини за директори. И јас ќе Ви испратам протесни писма, а може да добиете и многу вакви од поддржувачи што ја почуствувале мојата добрина и способност како директор спрема сите колегите... *(Пауза)* Ќе го разгледате тој случај поподробно... Може да бидам вратен пак за директор? *(Пауза)* Прекрасно, прекрасно... Дослушање, дослушање.

ВИДРА: Гледаш што работела црната врана... Протесни писма... Има да напишеш циркуларни

ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
СТРУМИЦА

ИНВ. БР.

писма со изменета содржина во твоја корист, а против неа до сите позициони и опозициони партии и до министерот за образование Новаковски, разбра!?
ГАЛЕ: Да, разбрав. Само не ме оставај осамен во овој дом.
ВИДРА: Не нема. Гледаш како знаеш да ловиш риби во магла!
ГАЛЕ: Не, гуски во магла, оти сум ловџија.
ВИДРА: Така де и едното и другото одговара на целта.
ГАЛЕ: Да, да драга моја, напразно не ги ги шетам полињата и планините со пушка в рака и ножот на ременот, но еден ден и онаа црна врана ќе ми дојде на нишан и пау! Мртва ќе падне долу на земјата.
ВИДРА: И пак станеш директор и пак ќе носиш полни портофели пари, нели миличок?
ГАЛЕ:Да, да, мила моја, така е, ќе носам.
ВИДРА: *(Милостиво)* Уф, колку се моќни?
ГАЛЕ: Што, што, мила моја? Што се моќни?
ВИДРА: Што? Парите!
ГАЛЕ: Парите?
ВИДРА: Да, парите! Парите му ја тешат душата на човекот и биде во спокој, радост и среќа.
ГАЛЕ: Драга моја, само да станам по третпат директор. Портофели, портофели полни ќе ти носам, да ти ја тешат душата и топлат срцето.
ВИДРА: (*Малку налутено.*) Да, но...
ГАЛЕ: (*Зачудено.*) Што, но...?
ВИДРА: Со тебе ништо не постигнав.

ГАЛЕ: (*Оди кон неа.*) Како не постигна, мила моја Видра, како не постигна? Направивме нова, голема куќа во центарот на метрополава, викендица во Охрид, имаме нова Мерцедес кола со приколка, одиме на одмор во Шпанија, носиш современа облека и си најсовремена жена во кулоарите на светлината на културните збиднувања во метрополава. (*Сака да ја йойфаши, но шаа се ошшргнува.*)

ВИДРА: (*Со нагласок.*) Моето нежно грло носи стари ѓердани, а на ушиве обетки чиј сјај потемнува. Дали тоа го заслужува една славна актерка? Дали тоа можеш да го разбереш?

ГАЛЕ: (*Сака да ја йомилува, но шаа се йошшргнува.*) Што се однесува до ѓерданите и обетките, менувај ги кога сакаш.

ВИДРА: (*Налушено.*) Со што? Немаме пари, пари немаме!

ГАЛЕ: Прости драга, те уверувам, пак ќе имаме кога ќе станам директор.

ВИДРА: Јас сум актерка во градски театар и треба да се облекувам најсовремено.

ГАЛЕ: Да, да драга, се разбира, актерка што треба да се облекува најсовремено... И така ќе биде. (*Ја йойфаќа.*)

ВИДРА: (*Се йошргнува.*) Јас сакам злато, злато да носам, најжолто, најсветло и кога некој ќе ме погледне да го озрачам како египетска кралица.

ГАЛЕ: (*Ја гушка.*) Да, како египетска кралица...

ВИДРА: (*Се йошргнува и налушено.*) Не сакам да одам низ вировите со вода по улиците кога

паѓа дожд и голтам прашина во суви летни денови кога дува ветер!
ГАЛЕ: Те возам и ќе те возам со колата, мила моја, ти ветувам.
ВИДРА: Не, не ме возиш секогаш, велиш: „Бензинот поскапе и не можеме да го дотераме месецот до крај".
ГАЛЕ: Ќе те возам, ќе те возам, мила моја, не се возбудувај! Само да станам директор.
ВИДРА: Знаеш што?
ГАЛЕ:Кажи, кажи мила моја Видра...
ВИДРА: Јас сакам да одам...
ГАЛЕ: (*Ја прекинува.*) Каде, каде, мила моја?
ВИДРА: Во...
ГАЛЕ: Слободно речи, мила моја, слободно...
ВИДРА: Во Холивуд, каде мојот сон ќе стане јаве, миличок.
ГАЛЕ: (*Налутено.*) Ми се чини, претеруваш премногу со твоите желби!
ВИДРА: (*Налутено.*) Претерувам? Премногу?
ГАЛЕ: (*Нагласено*) Да!
ВИДРА: (*Поналутено.*) Тогаш, си одам, нека ти се смее цел свет и така стана исмеан, откако те сменија од директор.
ГАЛЕ: (*Поналутено.*) Жено, навистина, со право да речам, премногу сакаш!
ВИДРА: И сакам! Не дозволувам мојата убавина да биде повенет цвет, а животот тажен и црн. Секогаш сакам да бидам светлост над светлоста, цвет над цветовите!

ГАЛЕ: (*Предупредувачки.*) Се занесуваш... Во дадениве услови го уживаш тоа... И... Навистина претерано се занесуваш!
ВИДРА: Не! Вистинската актерка треба да ужива во убавина, раскош и богатство. Како секоја актерка во Холивуд!
ГАЛЕ: Но, Скопје не е Холивуд моја Видра, тоа треба да сфатиш.
ВИДРА: Ако Скопје не е Холивуд, сакам од Скопје да одиме и живееме во Холивуд.
ГАЛЕ: Е навистина твојата желба е над вистината.
ВИДРА: (Налутено.) Во колку така мислиш, те напуштам. (*Тргнува кон вратата.*)
ГАЛЕ: (*Истрчува пред неа.*) Те молам Видра, не ме напуштај! Зарем е можно?
ВИДРА: Во современиот свет сѐ е можно. Еден брак не оди, се бара друг.
ГАЛЕ: Ајде, те молам, не се шегувај!
ВИДРА: Во шегата има и вистина.
ГАЛЕ: (*Ѝ пригга и ја потфаќа.*) Вистина е само нашата искрена љубов што цвети меѓу нас како цвет откинат од нашата верност, драга моја. Ноќе за мене си ѕвезда вечерница, а наутро ѕвезда деница. Јас сум твојот животен пат по кој чекориш и те водам во среќа. (*Ја бакнува, потоа таа се отргнува.*)
ВИДРА: Како да поетизираш!
ГАЛЕ: Вистината ти ја зборувам, драга моја, од дното на моето срце и мојата душа. (*Ја потфаќа.*) Среќен сум што те имам во прегратка и уживам твојата убавина.

ВИДРА: (*Се пoтргнува, но посмирено.*) Среќата е далеку од нас, некаде закопана на пуст остров без надеж да ни се врати.
ГАЛЕ: (*Молежливо.*) Не паѓај во очај, мила Видра! Знаеш, човек мора да се бори во животот и верува во својата моќ и надеж.
ВИДРА: (*Налутено.*) Со години бре, живееме со изгубена надеж. Полна бев со идеи во мојот живот, а доживувам неочекувани разочарувања.
ГАЛЕ: (*Утешувачки.*) Те молам, жено, не се нервирај!
ВИДРА: Како да не се нервирам? Ние немаме никаква надеж и среќа меѓу нас.
ГАЛЕ: (*Со нагласок.*) Жено, што зборуваш? А синот?
ВИДРА: (*Налутено.*) Што синот?
ГАЛЕ: Зарем не е тој наша среќа, наша надеж, наша иднина меѓу нас?
ВИДРА: (*Одлучно.*) Не! Тоа дете е род на некоја несреќна љубов, несреќна надеж, несреќна иднина, зар не?
ГАЛЕ: (*Молчи.*)
ВИДРА: (*Понагласено и поналутено.*) Зар не?
ГАЛЕ: (*Молчи.*)
ВИДРА: На кого личи? На мене? На тебе? Чија крв тече низ него? Моја? Твоја?
Сакам мој род човече, мој род! Ти ме измами!
ГАЛЕ: (*Го тера на плачење.*) Те молам, жено, не зборувај така.
ВИДРА: (*Продолжува со иста лутина.*) Твојата немоќна машкост не ме обремени! Моиве

дојки останаа недопрени од усни на свое бебе за мајчино млеко! Со тебе не доживеав да станам вистинска мајка! Измамена останав како заборавена вејка од ветерот занишана!

ГАЛЕ: (*Утешувачки.*) Но, ние се почитуваме, сакаме, љубиме... (*Се обидува да ја бакне.*)

ВИДРА: (*Се потргнува.*) Понастрана од мене! Твоите допири ми се студени како ледени брегови. Светлината ми ја замрачи. Мечтаењето да станам актерка-ѕвезда во Холивуд заскитува некаде во недоглед и не сакаш да одиме таму каде мојот сон ќе стане јаве. Како препрека ми се испречуваш на мојата желба, на мојот сон да стане јаве.

ГАЛЕ: (*Тешејќи ја.*) Не драга моја Видра. Твојот сон ќе стане јаве, твоето мечтаење да станеш филмска ѕвезда во Холивуд може да се оствари, љубена.

ВИДРА: *(Радосно)* Може?

ГАЛЕ: (*Повесело.*) Да, мила моја Видра.

ВИДРА: Како? Кажи ми, кажи ми како?

ГАЛЕ: Ќе продадеме сѐ и ќе се преселиме во Холивуд. Замисли, на насловната страна на некое филмско списание ќе пишува: „Дојде нова филмска ѕвезда од Македонија" или „Нов талент на филмското платно".

ВИДРА: (*Радосно.*) Навистина?

ГАЛЕ: (*Радосно ја гушка.*) Да, да, љубов моја. Не сакам толку да тагуваш во мигови на одлучност. Пред тебе стои ѕвездениот Холивуд, мила моја, меѓу јатото ѕвезди и ти ќе бидеш една, дра-

га моја. (*Ја милува.*) Твојот сон наскоро ќе стане јаве.

ВИДРА: А заемите?

ГАЛЕ: (*Како да зоборавил.*) Кои заеми?

ВИДРА: Од оној...

ГАЛЕ: (*Се присетува.*) Од оној шутрак-хигиеничарот?

ВИДРА: Да.

ГАЛЕ: (*Радосно.*) Тој е лесен како пердув.

ВИДРА: Како лесен како пердув?

ГАЛЕ: Така. Нема да му го признаеме. Жено, жено да се послужам со твојот израз: луѓето државата ја крадат со милиони евра, а јас ќе му мислам на еден суртук.

ВИДРА: Ама... во мое присуство ги зеде, заборави ли?

ГАЛЕ: И што? Ќе порекнеш. Ја знаеш ли онаа еврејската?

ВИДРА: Која?

ГАЛЕ: Не видов, не чув, не знам...

ВИДРА: Хм... мудро.

ГАЛЕ: Така ќе речеш и работата е завршена.

ВИДРА: Арно велиш...

ГАЛЕ: Гледаш...

ВИДРА: А за оној Славе?

ГАЛЕ: Тој е уште полесен. Ќе му ги враќаме со години, имаме двостран договор, во меѓувреме пасошите в џеб, на авион и за Холивуд. Умот, умот треба да се расчепка, како ти што велиш понекогаш.

ВИДРА: Да. А детето?

ГАЛЕ: Кое дете? Синот?
ВИДРА: Да.
ГАЛЕ: И него ќе го поведеме.
ВИДРА: *(Одлучно)* Не. Тоа ќе остане тука како остаток на нечија изгубена љубов.
ГАЛЕ: *(Налутено)* Го посвоивме, изгледавме и сега го фрлаш на патот.
ВИДРА: *(Налутено.)* И така беше фрлено, зар не?
ГАЛЕ: *(Молчи.)*
ВИДРА: *(Погласно.)* Зар не?
ГАЛЕ: *(Тивко.)* Да!
ВИДРА: Сакаш само студен камен в срце да носам? Да ме потсетува на неостварената желба? Не! Не! Леле... Леле каква судбина сум имал да доживеам!
ГАЛЕ: *(Одлучно.)* Ќе го поведеме! *(Со раце нагоре.)* Боже, помогни ми, смилувај се во овој миг, поготово на очајот на љубената моја Видра.
ВИДРА: Ќе ти се смилува... На мојот очај нема утеха... Поготово утеха од дегенерирана машкост.
ГАЛЕ: (*Несигурно.)* Има утеха мила моја Видра, навистина надежта умира последна, но сепак Петре ни е една последна надеж што не умира. Тој ни е жива надеж. (*Скоро низ солзи.)* Ти вика мамо? Ми вика тато? Веќе е неделиво чедо меѓу нас... веќе сме една фамилија со еден дух.
ВИДРА: (*Налутено.)* Кукавицо! Заборави ли? Не е од мајчина душа и татково срце! Што повеќе кукавичиш?

ГАЛЕ: *(Понизно.)* Те молам, те молам, Видра како понизен, најверен слуга, да го поведеме... Да го поведеме за Холивуд.
ВИДРА: Што ме замолуваш? Ќе го оставиме и незнајно полетиме за Холивуд.
ГАЛЕ: Не, ќе го поведеме... Јас... Јас, на секој начин, пак ќе станам директор и пак ќе ти носам портофели полни со пари што ќе ги носиме како капитал во Холивуд што ќе помогне да станеш побрзо холивудска славна актерка. Те молам најпонизно да го поведеме и синот со нас, те молам мила моја.
ВИДРА: *(Налутено.)* Сакаш на патот на среќата да ми посееш бреме од туѓ грев?
ГАЛЕ: Не, мила моја, не. *(Ги пушта своите раце.)* Дај ми да ти ја бакнам раката да ти ја искажам мојата чест и почит кон тебе, а колку те сакам, а колку те љубам...
ВИДРА: *(Налутено ја крие својата рака.)* Понастрана од мене! Ќе размислам! *(Во тој миг Петре со тресок ја отвора вратата, скоро без здив оди кон средината на собата и паѓа. Гале се стрчува по него, клекнува и го зема в раце.)*
ГАЛЕ: *(Плашливо.)* Сине, што ти е? *(Збунето кон Видра.)* Што гледаш? Помогни ми!
ВИДРА: *(Налутено)* Што врескаш? Не сум докторка!
ГАЛЕ: Леле, Боже! Кутрото во несвест паѓа,како да го зема смртта. Што ќе помисли светот?
ВИДРА: Не му е првпат.
ГАЛЕ: Вода, вода, брзо донеси!

ВИДРА: *(Полека тргнува кон кујната да донесе вода.)*
ГАЛЕ: Брзо, брзо!
ВИДРА: *(Налутено.)* Ако врескаш сам ќе си донесеш! *(Продолжува да оди полека кон кујната.)*
ПЕТРЕ: *(Со тежина во говорот.)* Вие... Вие...
ГАЛЕ: Да, сине, да...
ПЕТРЕ: Постојано се карате за мене...
ГАЛЕ: Не сине, не. Знаеш, понекогаш маж и жена се потскаруваат. Ние не се караме за тебе. Не се вознемирувај. Ние те сакаме тебе. Ти си наш син-единец. Тебе најмногу те сакаме. Не се вознемирувај, сине, успокој се.
ПЕТРЕ: Вода, вода...
ВИДРА: *(Вратена.)* Еве...
ГАЛЕ: *(Ја зема чашата.)* Еве сине, еве, напиј се. Мајка ти ти донесе.
ПЕТРЕ: *(Се напива и станува посмирен.)*
ГАЛЕ : *(Го милува по главата.)* Така, така сине, смири се. Кажи, кажи, сине, од што ти стана толку тешко?
ПЕТРЕ: *(Налутено.)* Таа...
ГАЛЕ: Која „таа", сине? Кажи ми слободно... Која "таа"?
ПЕТРЕ: Твојата колешка...
ГАЛЕ: Која моја колешка, сине, која?
ПЕТРЕ: Таа што ги водеше на екскурзија... Го поведе во смрт...
ГАЛЕ: Твојот највeрен другар?
ПЕТРЕ: Да.

ГАЛЕ: (*Налутено*) Кучката ниедна! Затоа не ти дозволив и ти да одиш, како да претчувствував дека лошо нешто ќе се случи. Смири се, сине, смири се... Ќе види таа, само да станам директор ќе ја истерам веднаш од работа.
ПЕТРЕ: Тој ни беше душата на другарите.
ГАЛЕ: Да сине, да. Јас ќе се справам со неа и со онаа директорка што дозволи да се изведе екскурзијата *(Петре се смирува малку.)* Така, смири се, сине... Нивната негрижа за учениците доведе до трагедија и тоа тебе те мачи, така?
ПЕТРЕ: *(Станува и се отртнува настрана.)* Да. И ти ми создаваш потешкотија.
ГАЛЕ: *(Неочекувано со чудење.)* И јас? *(Станува на нозе, оди кон маста и ја остава чашата.)*
ПЕТРЕ: Да.
ГАЛЕ: Зошто, сине?
ПЕТРЕ: Зашто не ми даваш многу пари, како што ми даваше порано.
ГАЛЕ: Ќе ти давам сине, ќе ти давам, само да станам директор.
ПЕТРЕ: Кога имам пари, јас сум посмирен и сета моќ ја чувствувам во мене.
ВИДРА: Гледаш, парите се лек за сè и тоа чувствува ваков недостаток како мене.
ГАЛЕ: На тебе личи малку, на тебе...
ВИДРА: На мене?
ГАЛЕ: Да.
ВИДРА: Ни најмалку.
ПЕТРЕ: Дајте ми пари, дајте ми пари!
ВИДРА: Еве ти го, тој нека ти даде, ако ти е татко.

ГАЛЕ: *(Малку йо сериозно.)* Жено! Внимавај!
ПЕТРЕ: Еве, пак се карате, а тоа негативно се одразува на мене.
ГАЛЕ: Слушна? Треба внимателно да се однесуваме према нашиот син. Наскоро зрелост ќе му се признае.
ВИДРА: Зрелост!? Се прашувам чиј ген носи...
ГАЛЕ: *(Налуйено)* Што зборуваш? Не сме сами.
ВИДРА: Јас не сакав...
ГАЛЕ: Претеруваш!
ВИДРА: Настојуваше со твоите родители...
ГАЛЕ: *(Ойсечено со луйина.)* Доста!
ПЕТРЕ: Еве, пак се карате за мене како да не сум ваш роден син.
ГАЛЕ: Наш син си, наш! Знаеш какви се мајките... Сакат нешто да речат но незнаат на кој начин.
ВИДРА: Јас знам како да речам, но имаме гнил мост меѓу два ронливи брега, разбра?
ГАЛЕ: *(Налуйено.)* Не токму! Треба да се трудиме и да го сфатиме нашиот син-единец и му помогнеме како родители.
ПЕТРЕ: Пари, пари дајте ми! Ќе одам кај другарите и таму ќе се смирам.
ГАЛЕ: *(Вади од цебош йари.)* Еве ти, еве ти, сине! Оди, оди кај другарите и почести се со нив. Развеселете се и заборави на родителските препирки.Такви се сите родители. Не сме само ние што вака се поставуваме.
ПЕТРЕ: *(Ги зема йарийе и шрчајќи излегува од собаша, осшавајќи ја враша ошворена. Гале*

*оди во другата соба. Видра останува во дневната соба и легнува на креветот да се одмори. Во тој миг, доаѓа Славе да си ги побара парите во целост што им ги има дадено на заем.)*

СЛАВЕ: (*Влегувајќи полека и здогледувајќи ја Видра.)* Извинете, вратата беше отворена и влегов.

ВИДРА: *(Потстанувајќи и здогледувајќи го, како да не слушнала.)* Молам!

СЛАВЕ: *(Погласно.)* Вратата беше отворена, па влегов.

ВИДРА: *(Станува од креветот и оди малку кон него со лутина.)* Надвор! Надвор! Како се осмели да влезеш без да чукнеш? Надвор! Јас не те познавам! Што бараш тука?

СЛАВЕ: *(Смирувачки.)* Полека, госпоѓо, зарем навистина не ме познавате?

ВИДРА: *(Отсечно.)* Не!

СЛАВЕ: Погледни ме малку поубаво.

ВИДРА: *(Налутено.)* Што има да те гледам? Ти си ми непознат и точка!

СЛАВЕ: Ве молам, зарем мојата физиономија не ве потсетува на Славе, професорот по физичко?

ВИДРА: Не! Кој е тој Славе, професор по физичко?

СЛАВЕ: Јас, што добро те знам. Не доаѓаше на матурските вечери со Гале како директор?

ВИДРА: Доаѓав, па што?

СЛАВЕ: Се прашувам како толку бргу да ме заборавиш?

ВИДРА: Така, од денес па натаму, никој не познавам, ниту ми треба! Ниту пак сакам некој дома да ми дојде! Ајде, напушти ја куќава, да не викам полиција за провала!

СЛАВЕ: *(Смирувачки.)* Каква провала, госпоѓо, каква полиција? Јас дојдов за парите...

ВИДРА: *(Зачудено.)* За парите?

СЛАВЕ: Да, за моите пари, оние што ви ги позајмив во твое присуство.

ВИДРА: *(Налутено.)* Лично сум зела пари од тебе?

СЛАВЕ: *(Со нагласок)* Не, но твојот маж, пред твоите очи...

ВИДРА: Не го кревај гласот! Не си дома!

СЛАВЕ: Го кревам бидејќи почна со преправање и непознавање на мене!

ВИДРА: Па... и не те познавам!

СЛАВЕ: Ти добро ме познаваш, но што ти текна така лесно да ме заборавиш?

ВИДРА: *(Оди кон него.)* За мене луѓето се силуети кои лесно исчезнуваат во мракот и ти си една ваква силуета што исчезнала во заборав на моите сеќавања.

СЛАВЕ: Госпоѓо, гледам како да сум исчезнал од твојата меморија и си го заборавила мојот изглед, те молам, присети се малку повеќе бидејќи Ви бев толку близок и толку познат...

ВИДРА: *(Налутено.)* Близок? Познат? *(Го турка со рацете.)* Надвор! Надвор! Напушти ја собата! Помош! Помош!

ГАЛЕ: *(Затрчан во собата.)* Што е жено? Што се случува?

ВИДРА: Еден провалник ме нападна!
ГАЛЕ: *(Налутено.)* Што бараш ти, бре? Ајде, надвор! Провали и ја тепаш жена ми!
СЛАВЕ: *(Тргнат понастрана.)* Никого не сум пипнал, глуми да изнуди тепачка. А ти?
ГАЛЕ: Што јас?
СЛАВЕ: И ти ли не ме познаваш? И ти ли не го познаваш Славе, професорот по физичко?
ГАЛЕ: *(Одлучно.)* Не! Не те познавам!
СЛАВЕ: *(Налутено.)* Колега, не се преправај како на театарска сцена, погледни ме убаво и да се разбереме. Дај да одбегнеме јавни скандали. Да седнеме и направиме другарски и пријателски разговор во четири очи и пак да бидеме добри пријатели како што и бевме. Не се преправај како да не ме познаваш и не ме познавате.
ГАЛЕ: Почнав, откако помина на другата страна.
СЛАВЕ: Те молам колега, мене не ме интересира политика кој на која страна е и кој со кого е. Дојдов парите да си ги повратам во целост. Сега си во богато имотна состојба и живееш убаво со висок стандард.
ГАЛЕ: Не, не живеам така откако ме сменија од директор!
СЛАВЕ: *(Со нагласок)* Живееш, живееш, гледам. Имаш голема нова куќа, вила во Охрид, луксузна кола Мерцедес и секоја година одиш на одмор во Шпанија.
ГАЛЕ: Што те тебе интересира што имам, каде одам и што правам?
СЛАВЕ: Како да не ме интересира? Сакам да ми ги вратиш парите во целост.

ГАЛЕ: *(Како да не знае)* Кој пари бре?
СЛАВЕ: Оние што ти ги дадов на заем.
ГАЛЕ: Хм, да да...
СЛАВЕ: Се согласив да склучиме двостран договор и склучивме под одредени услови кога твојата социјална положба беше на ниско ниво и имаше една стара куќа, но сега твојата социјална положба далеку се подобри и сакам парите во целост да ми ги повратиш, затоа и дојдов.
ГАЛЕ: Ќе ти ги вратам во месечни рати според двостраниот договор.
СЛАВЕ: *(Налутено)* Не си ми дал ни една рата, а една година помина!
ГАЛЕ: *(Објаснувачки.)* Знаеш, откако ме сменија од директор социјалната положба ми стана загрозена и не можам да ти ги вратам парите во целост.
СЛАВЕ: Но во двостраниот договор пишува во колку дојдеш во добра финансиска состојба да ми ги вратиш парите во целост.
ГАЛЕ: Пишува така, но не сум во добра финансиска состојба. Па ќе ти ги вратам на рати.
СЛАВЕ: Како не си? Гледам, богато живееш, зар очиве да не ме лажат?
ГАЛЕ: Ама човече ти не сфаќаш колку е тежок животот и пари немам! Слушај ваму!
СЛАВЕ: Да.
ГАЛЕ: Сосем е сигурно дека за неколку дена по третпат се враќам на директорската позиција! А веројатно знаеш дека жената поради трагичната смрт на ученикот Ѓорѓи Делиевски, тоа де, за време на ексурзијата во Лондон, ќе има проб-

леми... Може да излезе пред лицето на правдата. Не би сакал да кобам, меѓутоа може да се случи да ја осудат, не дај боже, да биде отпуштена од работа. Но пријателе мој... за сè постои излез! Те уверувам... долго размислував за проблемот и како вистински пријател одлучив да сторам сè само да го одбегнам најлошото! Е, сега, се разбира, ако веќе јас во случајот сум подготвен да помогнам дури и по цена на жртвување на мојот авторитет и углед, нормално е и ти направаш возвратна жртва!

СЛАВЕ: Но... Не гледам со што би можел соодветно да ти возвратам!

ГАЛЕ: Па тоа е најлесно што можеш да го сториш! За добрите пријатели не постојат нерешливи проблеми! Јас тебе ќе ти ја куртулам жената од најверојатно сигурно затворска казна и отпуштање од работа... А ти мене... ти мене ќе ми го простиш долгот! Многу едноставно... Ке потпишеш со која потврдуваш дека на тој и тој ден ти ги имам вратено позајмените пари и со тоа претходно склучениот договор за позајмица е веќе неважечки! Ете тоа...

СЛАВЕ: *(Оди малку кон него налутено.)* Слушај пријателе, дали зборуваш со здрав разум или ѓаволот ти се населил во умот и те води кон зло?

ГАЛЕ: Секако, зборувам со здрав разум, но ти не сфаќаш.

СЛАВЕ: Сфаќам... Не сакам да ме уценуваш... продај колата и парите во целост.

ВИДРА: Колата?

СЛАВЕ: Да колата и парите во целост. Сакам да купам стан за децата. Не спијам по цели ноќи од готовина дојдов до вересија... Со какво лице ме гледаш.? Ми предложи недостоен предлог!
ГАЛЕ: Сакам да ти помогнам, а ти не се потрудуваш да ме сфатиш...
СЛАВЕ: Толку доверба имав во Вас и Ве сметав за најблиски пријатели, а сега доживувам случај за кој никогаш не сум помислувал. Си ги сакам парите во целост и има да ми ги вратиш!
ГАЛЕ: Не е можно! Твојот случај е решен! Ќе ти ги вратам по договорот рата по рата.
СЛАВЕ: Не си ми дал ниедна, а веќе година помина! Во спротивно на суд, бидејќи си во добра финасиска состојба.
ГАЛЕ: Тоа си е твое. Јас можам само на рати.
СЛАВЕ: Во целост или на суд.
ГАЛЕ: *(Налутено)* Надвор! Надвор! Кога ти велам! Напушти ја собата! Сред бел ден си дошол да ме вознемируваш!
СЛАВЕ: Мојата совест не ми дозволува да употребам сила *(Оди кон него)* Но... Твоето тело е слично на прачка што многумина можат да ја скршат!
ГАЛЕ: Да не ми дојде оган да ми фрлиш в гради или како црна сенка да ме плашиш?
СЛАВЕ: За парите, дојдов да ми ги вратиш во целост! На многумина им ја замати водата и мене! *(Го зграпчува.)*
ГАЛЕ: Жено, пушката... *(Видра забрзано оди да ја земе пушката од другата соба.)*
СЛАВЕ: Зарем и гроб си ми подготвил?

ГАЛЕ: За провалници, да!
СЛАВЕ: *(Со нагласок.)* Провалник!?... Гадинко една... за мене честа е една од вредностите што треба да се почитува! Од кај да знам што чудовиште си бил? Ќе ти ја скинам шијата како на врапче...
ГАЛЕ: *(Со бојазност)* Пушти ме!
ВИДРА: *(Вратена со пушка и гласно.)* Пушти го! Пукам!
СЛАВЕ: *(Го отфрла и чекор назад.)* Довербата е најцврстото пријателство меѓу луѓето. Те сметав за човек, а доживувам лаги, како мечови да ме бодат.
ГАЛЕ: (*Со лицемерие)* Колега, не треба да филозофираш многу и употребуваш насилство на недоличен начин. Животот е долг, има време, ќе ти ги вратиме, рата по рата...
СЛАВЕ: Да, денар по денар како на просјак, а тоа е исто како некој да ми откинува со клешти парче по парче од моето тело.
ГАЛЕ: Кој ти е крив?
СЛАВЕ: *(Чекор, два напред.)* Ти си крив! Ти!
ВИДРА: *(Со пушка кон него.)* Пукам!
СЛАВЕ: *(Подзастанува.)*
ВИДРА: Чекор напред и мртов си!
СЛАВЕ: *(Низ заби.)* Не си далеку од смртта ненаситнику! Кој нож вади од нож умира! Кој пушка вади од пушка умира! *(Се враќа два-три чекори назад.)*
ВИДРА: *(Гласно.)* Марш! Надвор! Ќе ти го наполнам телото со сачми!... *(Славе плукајќи по-*

*лека излегува од собата, оставајќи ја вратата отворена.)*
ВИДРА: *(Се смее)* А-ха-ха, а-ха-ха-ха...
ГАЛЕ: Гледаш, го избрка оној глупак... Како актерка во вестерн филм... Навистина не можам да ти ја скратам желбата кога стануваш и вестерн ѕвезда.
ВИДРА: На мојата мудрост никој не може да одолее. Само да бидеш по третпат директор, има да го исфрлиш како партал од училиштето!
ГАЛЕ: Да, драга, да. (*Гласно и радосно.)* Браво! Браво! *(Се стрчува и ја прегрнува.)* Вистински спасител! Вистинска вестерн ѕвезда! Те љубам, те љубам Видра. *(Ја бакнува иземајќи ѝ ја пушката оди во другата соба. Видра легнува да се одмори на креветот. Во тој миг влегува Димитар нечујно и разгледува наоколу.)*
ДИМИТАР: Има некој?
ВИДРА: *(Потстанува од креветот.)* Некој? *(Почнува да се смее неконтролирано.)* А- ха-ха-ха... А- ха-ха-ха...
ГАЛЕ: *(Влегува.)* Што е? Што се смееш?
ВИДРА: *(Станува и оди настрана.)* Ене, гостин имаме, гостин испративме, гостин ни дојде! *(Се смее)* А- ха-ха-ха... А- ха-ха-ха...
ГАЛЕ: *(Здогледувајќи го.)* Гостин, а?
ВИДРА: Да.
ГАЛЕ: *(Како да не го познава.)* Што бараш ти тука?
ДИМИТАР: Полека бре, пријателе, го крена гласот како прагот да го минал бесно куче.Не ме познаваш?

ГАЛЕ: *(Отсечно.)* Не! Никој не познавам откако ме сменија од директор.

ДИМИТАР: Ако те сменија, јас не сум те сменил. Министерот, министерот те смени. Јас воопшто не сум крив.

ГАЛЕ: И ти си крив! Ти не беше со мене!

ДИМИТАР: Господине, за мене сите се еднакви, партиите не ме интересираат и моја главна цел е да си ја гледам работата од која добивам плата за да ја прехранам фамилијата. Да не должам многу, јас не дојдов затоа што некој те сменил, туку за своите пари.

ГАЛЕ: *(Како да не знае.)* Какви пари, бре?

ДИМИТАР: Оние што ти ги позајмив.

ГАЛЕ: *(Шеговито.)* Ајде, не се шегувај и не ме возбудувај! Нели ти ги вратив?

ДИМИТАР: Боже мој, какво враќање? Присети се малку.

ГАЛЕ: *(Налутено.)* Што има да се присетам? Или сум ти ги вратил или не сум зел пари од тебе.

ДИМИТАР: *(Налутено.)* Слушај!

ГАЛЕ: Да.

ДИМИТАР: Не си поигрувај и не се преправај како да не си позајмил! Ти дадов 500.000 денари и врати ми ги.

ГАЛЕ: Ќе ти ги вратам кога ќе дојдеш на ред.

ДИМИТАР: На ред?

ГАЛЕ: Да, на ред.

ДИМИТАР: До кога?

ГАЛЕ: До тогаш, додека не помине една деценија.

ДИМИТАР: *(Зачудено.)* Деценија?
ГАЛЕ: Да, една деценија.
ВИДРА: Токму така.
ДИМИТАР: *(Ја погледнува Видра и пак Гале.)* Слушај! На рака ти ги дадов и на рака ќе ми ги вратиш! Во спротивно не ќе молчам како мермер камен на гроб.
ГАЛЕ: *(Налутено)* До толку полошо! Јас од тебе не сум зел пари!
ДИМИТАР: Како не си зел?Не ми креваj лутина од петите! Ти ги наброив пред твојата жена! Еве, пред неа!
ВИДРА: Јас ништо не сум видела, ниту сум чула! Тебе не те познавам и не сакам повеќе да ме спомнуваш.
ДИМИТАР: *(Заканувачки кон Гале)* Вакво нешто да слушам од луѓе во кои сум имал поверие, навистина ме чуди.
ГАЛЕ: Нема што да се чудиш, ако ти требат пари побарај од твојата директорка нека таа ти даде! Јас да сум позајмил пари од еден хигиеничар! Никогаш не сум сторил вакво нешто!
ДИМИТАР: *(Налутено му се приближува.)* Како не си позајмил? Ѓаволот да те земе! Го газиш чесниот збор! На чесен збор ги позајми и со чесен збор ми вети да ми ги вратиш! А сега ѓаволски порекнуваш!
ГАЛЕ: Не ме навредувај! Не сум зел пари од тебе!
ДИМИТАР: Едно вети, друго излегува! Подлоста ти рие во крвта.
ВИДРА: *(Гласно и налутено.)* Не го навредувај мојот сопруг! Ние не сме позјмиле пари од тебе!

Ти си само еден туѓинец што провали во нашиот дом.
ДИМИТАР: *(Кон Видра)* Каков туѓинец? Каков провалник? Гледам како ненаситноста ви ги замрежува очите, поматува умот и зграбите моите пари! Еден ден тоа може да ви се свети!
ВИДРА: Напушти ја собата!
ДИМИТАР: *(Кон Гале)* Кризно време дојде... Чувствувам беда во фамилијата... Во колку се трудите да не ме познавате и не ми ги вратите, не верувам дека пеколот ќе ве заобиколи.Тој дебне над Вас како јамка над Вашите глави.
ВИДРА: Напушти ја собата!
ДИМИТАР: Не ја напуштам додека не ги добијам парите! Парите ми се потребни во оваа тешко време за живот. *(Оди кон Гале заканувачки.)* Ќе те задавам со овие измачени, испечени, испукани раце од чесна работа! Врати ми парите!
ГАЛЕ: *(Плашливо.)* Жено, пушката...
ВИДРА: *(Брза во другата соба да ја донесе.)*
ДИМИТАР: Не ме познаваш, а? Една година помина, а ти ни денар да ми вратиш! Ме измами!
ГАЛЕ: *(Плашливо.)* Не се приближувај!
ДИМИТАР: Се гнасам од твојата ненаситена душа! Ме смени од чувар, ме направи хигиеничар за да ги остваруваш твоите однапред предвидени зли намери! Ми доаѓа да... *(Покажува со рацете задавување.)*
ГАЛЕ: *(Плашливо.)* Жено! Брзо!

ВИДРА: *(Вратена со пушката.)* Уште еден чекор, пукам!
ДИМИТАР: *(Застанува.)* Куршумот не го решава случајот! Тој може тебе да те стигне! *(Кон Гале.)* И тебе! Лошото лошо донесува, а доброто добро!
ВИДРА: *(Се смее.)* А-ха-ха-ха... И ти ќе ми филозофираш!? Уште еден чекор, мртов си! Мигот на куршумот може да биде пресуден за твојата провала!
ДИМИТАР: Провала?
ВИДРА: Да.
ДИМИТАР: Од грев во грев паѓате... *(Кон Гале)* Твоите ветувања биле горчливи голтки. На суд со вас!
ВИДРА: *(Гласно.)* Надвор! Надвор! Или пукам!
ДИМИТАР: (На излегување гласно.) На суд со вас! Пакосници! Измамници! *(Излегува треснувајќи ја вратата и оставајќи ја отворена. Тишина.)*
ВИДРА: *(Воздивнува.)* Дошол дома пари да ми бара.
ГАЛЕ: Мислиш ќе му ги вратам? Виде? Избркавме уште еден глупак! Тој мене ќе ми слугува, а не на онаа црна врана! Само да станам по трепат директор, има да го направам нозете да му се тресат во канцеларијата!
ВИДРА: Тој против тебе. Еден метлар ни дошол в куќа да ни се заканува. Се гнасам и се потресувам од неговиот лик. Еве ти ја пушката, ќе одам малку на чист воздух да се прошетам.

ГАЛЕ: *(Земајќи ја пушката.)* Оди мила, оди, по сите тие победи заслужуваш. *(Видра излегува затварајќи ја вратата, а Гале ја остава пушката во другата соба, се враќа и си легнува малку да се одмори. Доаѓа благајничката Силвана во посета на Гале. Се слуша чукање на вратата.)*
ГАЛЕ: *(Станува и оди да отвори.)* Кој ли може да биде сега? Каква ли бура доаѓа? *(Ја отвара вратата и со неочекувано изненадување.)* О-хо, кој дојде, кого гледам... Какво изненадување?
СИЛВАНА: *(Милостиво)* Да влезам?
ГАЛЕ: Да, да само повели! Што среќа те натера да наминеш?
СИЛВАНА: *(Затворувајќи ја вратата зад себе.)* Онаа кучка директорка и осаменоста што ме убива.
ГАЛЕ: *(Радознало)* Што? Што има ново?
СИЛВАНА: *(Оди кон средината на собата, по неа и Гале.)* Постојано слушам озборувања и закани за на суд. Онаа црна врана, само грака меѓу своите поттикнувајќи ги против нас.
ГАЛЕ: Зарем тоа е маката?
СИЛВАНА: Да.
ГАЛЕ: Не се вознемирувај! Ги зеде последните фактури од тебе?
СИЛВАНА: Да.
ГАЛЕ: Тогаш со свој камен по своја глава.
СИЛВАНА: Како мислиш?
ГАЛЕ: Ќе речеме дека ги фалсификувала. Само нека се обиде, па ние ќе ја обвиниме за фалсификат и напад над тебе.

СИЛВАНА: А за кабинетот?
ГАЛЕ: Не се вознемирувај! Тој е веќе заборавен. Него го згази времето. Завршните сметки се примени во Заводот за платен промет?
СИЛВАНА: Да.
ГАЛЕ: И што се тревожиш? Пушти ја таа душа во спокој.
СИЛВАНА: *(Му приоѓа со милост.)* Не си се променил многу!
ГАЛЕ: Како првпат да ме гледаш?
СИЛВАНА: Секој поглед кон тебе е како првпат да загнездува некаде во лицето или телото. Не можам да те заборавам. Душата ми пати од љубов кога ќе помислам на тебе. Ти ми беше сѐ што имав. А сега ја делам осаменоста во една празна соба како птица во кафез.
ГАЛЕ: Навистина?
СИЛВАНА: Да, мил мој!
ГАЛЕ: Ајде, не се шегувај!
СИЛВАНА: Воопшто не.
ГАЛЕ: Немој, те молам!
СИЛВАНА: *(Почнува да го потфаќа по телото и си ја раскопчува кошулата.)* Младите години се свежина во моето сеќавање. Сите планови и радости ми пропаднаа, но не љубовта кон тебе.
ГАЛЕ: Да, да. Со тебе ги почувствував првите љубовни воздишки.
СИЛВАНА: Од каде се појави онаа видра меѓу нас? По карактер ни природата не погрешила на неа.

ГАЛЕ: Да, не погрешила.
СИЛВАНА: *(Го бакнува.)* Се прашувам како те надитри и ми те презема?
ГАЛЕ: И јас?
СИЛВАНА: *(Го милува по лицето.)* Нема да ја заборавам првата љубов. Ќе остане да тлее и во дното на мојата душа, љубов моја! Неможам да се помирам како ми те измами, таа Видра, та сум сега страдалник на љубовта верна. *(Го бакнува.)*
ГАЛЕ: Да не почнуваме... Ако се врати?
СИЛВАНА: (*Бакнувајќи го повеќе пати.)* Не се вознемирувај, мил мој, ја видов како излезе и се упати кон паркот.
ГАЛЕ: Немој! Те молам... не почнувај! Знаеш каква е.
СИЛВАНА: (*Продолжува да го бакнува и милува по телото соблекувајќи си ја кошулата.)* Првите бакнежи ми се сè уште свежи и ги чувствувам како незаборавени траги на моите усни. За многу нешта времето е лек, но не и за мојата љубов. Секоја пролет ми е тажна и ме потсетува на надежната љубов со тебе. Како во мигов да е, и пролетниот ветар си поигрува со нашите коси, прегрнати во цврста прегратка. Бевме едно тело со едно срце. Како успеа да ми те измами онаа видра? Не можам да си дадам одговор самата на себе.
ГАЛЕ: И јас не можам. Те молам, престани да не дојде.
СИЛВАНА: (*Продолжува да го бакнува и милува.)* Сепак, допирите ми се утеха што тлеат

како незгаснати жарчиња во мојата душа и потсетуват на сончевите мигови на раната пролет на Водно...
ГАЛЕ: (*Се препушта на бакнежите и милувањата.*) И во мене љубовта е сè уште незгасната, Силвана моја... Истите стегнати облини... Истите набабрени, згрудени гради... ме пламнуваш како некогаш... Како во Градскиот парк под сенките на дрвјата и светилките над нив.
СИЛВАНА: (*Го доведува до креветот и легнува свлекувајќи му ги панталоните, а таа останува оголена на елече и гаќи.*) Така... Љуби ме... Љуби ме... Нека биде овој миг сон на една вечна незгаснета љубов. (*Во тој миг влегува Видра, со кренати раце а во едната и весник и вика со плач низ собата.*)
ВИДРА: Вилата! Вилата во Охрид! Провалиле и запалиле! Прочитај во весникот! Каде си? (*Го здогледува Гале врз Силвана и се фаќа за главата.*) Леле! Што? Ти? На креветот со друга?! (*Го фрла весникот на страна.*)
ГАЛЕ: (*Збунето станува и си ги облечува панталоните.*) Не! Не! Таа... Таа...
ВИДРА: (*Пискливо.*) Во мојата соба, на мојот кревет! Неверство! Неверство!
СИЛВАНА: (*Станата и облекувајќи ја кошулата и сукната, смирено и нагласено.*) Ако некогаш не сум успеала да ги крунисам со брак моите љубовни соништа, поради тебе, сепак дојдов и му изнудив на Гале една незаборавна љубов на твојот мек кревет.

ГАЛЕ: (*Несконцентрирано.*) Слушна? Виде? Таа беше врз мене како самовила, како напаст... да изнуди хистерична љубов! Јас се бранев, а таа врз мене како мачка... како гладна лавица на невина жртва...
ВИДРА: (*Нервозна со тешко дишење кон Гале.*) Ме насамари како магарица! Твојата љубов кон мене била сурова лага! Понекогаш ќе речеше: „Осамен сум во куќата, не знам како да ја разбијам досадата откако ме сменија од директор!" За таква ли посета сонуваше да ти ја разбие досадата? Неочекуван скриен удар ми зададе! Болно ме рани оваа глетка што ќе направи длабок и широк јаз меѓу нас! Зарем толку понижување да доживеам? Зад грбот си ми ткаел неверство! И со кого!?
ГАЛЕ: Не, не јас... Таа...
ВИДРА: (*Налутено.*) Со таа..? Со копнежна љубов распослана на мојот кревет, брачен дар! Со горчини го наполни моето срце што нема да стивна и се помири!
СИЛВАНА: Како што гледам љубомората и омразата и понатаму ти вријат во крвта.
ВИДРА: (*Кон Гале.*) Ти скриен измамник! Мислев дека си ја заборавил, но ете и дома ја донесе! Мислев дека времето е лек на минатите случувања, но не било така! И понатаму продолжила таа скриена љубов!
ГАЛЕ: Не, не јас... Верувај ми... Самата дојде... Таа е виновна, јас не!
ВИДРА: (*Со ист тон на лутина.*) Ако те знае каков си, дали ќе преспие една ноќ со тебе!

СИЛВАНА: *(Предизвикувачки.)* Со Гале, цел век и на небеса.
ВИДРА: Само да знаеш! Тој е празен, јалов идиот!
ГАЛЕ: Жено, што зборуваш?
ВИДРА: Таков си! Се обидувам да го заборавам тоа што болно го трпам и патам, а сега и црна стрела ми забоде в срце. Како да ја донесе сета радост в дом, а мене ме стави в ќош. А мене ме остави како понижена кукавица!
ГАЛЕ: Таа, таа ме турна хистерично и јас паднав под неа!
ВИДРА: *(Низ заби.)* Те турна? А таа оголена на елече и гаки? А ти со свлечени панталони? Како се осмели да ја понижаш љубената Видра?
ГАЛЕ: Ако треба на колена ќе клекнам прошка да измолам... *(клекнува)* Таа, таа, е виновна за овој случај! Ме нападна хистерично! Јас се бранев, а таа со сила ми ги свлече панталоните.
ВИДРА: Со сила ти ги свлече панталоните!? Ти ќе ја фарбаш Видра и да ти верува! Тешко ме погоди тоа неверство и нема никогаш да го заборавам!
СИЛВАНА: *(Лицемерно)* Како ти на сцена паѓаш во љубовен занес? Знаеш колку му е тешко на Гале да те гледа половина гола, по некогаш и цела, само со тенка свилена наметка на себе, како откината од полноќната светла месечина?
ГАЛЕ: *(Збунето.)* Јас... Не знам, не знам... Таа... таа е виновна, а не јас.
СИЛВАНА: Оваа е само една љубовна сцена како и ти во театар. Зошто да не го делиме кре-

ветот на современ начин како незаборавена, некогашна, верна другарка? Ми ја украде првата љубов, за`ртена во една мајска пролетна ноќ и ми зададе тежок непребол, се сеќаваш?

ВИДРА: (*Налутено)* Болна другарка...

СИЛВАНА: Ајде сега, ракоплескај како што ти ракоплескаат на театарска сцена!

ВИДРА: (*Се нервира.)* Уф! Мивко една, дури и дома се обиде да ги лечиш твоите луди незаборавени љубовни изливи. Овој љубовен долг има да ми го платиш!

СИЛВАНА: (*Ја предизвикува.)* Ракоплескај, ајде ракоплескај! Уф, колку е свеж воздухот тука, како озон по грмотевици. Зарем да ја скријам тајната на душата? Зарем е срамно да го згаснам љубовниот оган на твојот мек кревет? Кога Гале ми беше најпотребен ти се појави со твојата итра глума и ми го примами, но гревот на душата лежи во неговата мајка што ја гризеше нашата среќа во твоја полза. Но, сепак секој бакнеж ме потсетуваше на пролетта кога навистина се заљубив во Гале, а секој допир го чувствував како тивок бран што минуваше и милуваше по моето тело, а шепотот стивнуваше некаде во цврстата прегратката на една незгаснета љубов. Место прстен ми нанесе спрегната болка, место радост празна среќа. Сè уште се сеќавам на фонтаната каде јас и Гале фрливме паричка за среќа, а ти, нѝ ја украде. Ти си само обична примамливка на туѓа љубов.

ВИДРА: (*Кон Гале.)* Од каде ми се навеа, мори клета клетво, од каде?

ГАЛЕ: Видра смири се, те молам! Соземи се! Сфати ја непријатнава случка, бидејќи во животот и вакво нешто може да се случи.
ВИДРА: (*Продолжува со ист тон.*) Таа проклета среќа неа да ја стигнала, а не мене! Да почувствува дали тој Гале може да начне женствена клетка и обремени!
СИЛВАНА: А ти мори, истружена ороспијо уште го навредуваш кутриот Гале, се прошета низ сите актери и се испречи меѓу нас како непрескоклив ѕид што не раздели.
ВИДРА: Се омажив за него не од милина, туку ѓаволот рекол така да биде.
СИЛВАНА: (*Оди кон неа.*) Ти мислиш со тагите од минатото ќе се помирам? Бедно суштество! Мислиш дека страв ќе ме обземе што сум ти дома? Мислиш убавина ти блика од лицето?
ВИДРА: (*Ја фаќа за косата.*) А ти ли мори, бесрамно мивко! Простачке! (*Ја удира по лицето со шлаканица.*) Еве ти за сите понижувања! Ороспијо една! (*Пак ја удира.*) Еве ти за открадената љубов!
СИЛВАНА: (*Ѝ враќа.*) Еве ти за итрината! (*Се маваат една со друга меѓу себе.*)
ГАЛЕ: (*Се чуди.*) Се степаа... (*Тепајќи се излегуваат од собата. Гале стои занемен со рацете на лицето.*)

*(Затемнување на сцената.)*

# *ЧИН ВТОРИ*

## ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ДИРЕКТОРКАТА

*Пространа правоаголна канцеларија, крај еден од челните ѕидови се наоѓа биро за директорката, на него телефон, вазна со цвеќе и други административни потребни работи. На ѕидот над бирото виси уметничка слика, а напред на одредена оддалеченост од него има повеќе редици со столови за присутните. На првите столови седат: Гале, Силвана, Павле, Емил, Сребра, Дамјан, Драгица, Славе и Димитар. Влегува директорката Софија со актовка в рака.*

ГАЛЕ: (*Со малку лутина ѝ приоѓа на директорката.*) Ме чуди колку бргу некои луѓе се сроживуваат... И дури и уживаат во функцијата директор?! Особено ако до истата дошле газејќи безмилосно врз авторитетот на своите претходници! Човек во душата треба да има добрина, а во срцето топлина!

СОФИЈА: (*Подзастанува и смирено.*) Простете господине Никовски, алудирате на мене? Душава ми е чиста, а срцето отворено за секого, во

тој случај, морам да речам дека сте во заблуда! Функцијата директор ја изгуби како резултат на твојата недоволна организациона моќ и слабост во работењето. Тоа што сум јас сега на оваа позиција се должи на авторитетот и почитта што ги уживам кај поголем број членови на колективот и секако во јавноста.

ГАЛЕ: Твојата почит се темели врз основа на подбуцнувањата, заговорите и сплетките против мене, личност што осум години го градеше авторитетот на оваа училиште и го воздигна на добар глас во метрополава.

СОФИЈА: Подбуцнувањата, заговорите и сплетките се туѓи на мојата совест, а разумот не ми дозволува такви подлости на кои ти им слугуваш, туку напротив применувам отвореност, самокритичност и достоинство. Моите дела што ги направив и ги правам за училиштето се на задоволство очебијни за секое незавидливо око и укажената доверба се трудам безпрекорно да ја оправдам.

ГАЛЕ: Цели осум години го воздигнував реномето на "Војвода Карпош" и од речиси непознато и безначајно му овозможив статус на престижно градско средно училиште, што донесов најмногу дефицитарни струки и занимања. Гале Никовски неуморно обезбедуваше средства за модернизација на кабинетите и нови наставни помагала, а доживува да биде обвинет за мноштво слабости и подвоеност во колективот... Мојата трудољубивост и самопрегорност на секого му е позната во овој колектив и надвор од него...

СОФИЈА: Кој што направил за очиве не е невидливо, но многумина молчат меѓу присутните од страв, од поголема освета од твоето директорување.
ГАЛЕ: Што дрдориш, мори, колегите не треба да бидат изненадени од казна ако не си ја вршат работата као што треба.
СОФИЈА: (*Неочекувано.*) Леле како се изрази со недолична синтагма „ дрдориш мори"?!
ГАЛЕ: А како? И тој збор е создаден од народот за недолична како тебе!
СОФИЈА: Гледам дека културата одамна згаснала од твојата совест и тешко се навикнуваш на новата градска средина, а потешко се одвикнуваш од селските лични навики на кои им робуваш.
ГАЛЕ: Јас сум човек што се навикнува на било каква средина и не ме навредувај од каде сум дошол.
СОФИЈА: Воопшто не те навредувам, твоето однесување уште при влезот го потврди тоа.
ГАЛЕ: Ти ме наведе така да ти пријдам, со твојата арогантост везден према мене!
СОФИЈА: Напротив према сите сум иста, но во мене е врежана една црта на човечност што ме тера да ги разбирам сите што се во училиштето и надвор од него. Мислам дека е време да се тргнеш понастрана, отколку тука да ми се испречуваш како натурена личност. (*Тргнува накај бирото да седне.*)
СИЛВАНА: (*Дотрчува.*) Што, мори, каде ќе одиш? На чие место ќе седнеш? Тоа место, со

години, е резервирано за нашиот директор Гале! Нели Гале?

ГАЛЕ: (*Одважно.*) Да, да. За мене, за мене е резервирано.

СИЛВАНА: Гале е вреден и честит човек што се докажа сите овие осум години.

СОФИЈА: Се докажа?

СИЛВАНА: Да, се докажа. Ти ќе се рамниш со авторитетот на почитуваниот Гале?

СОФИЈА: Да, и над него. Тој работеше само за свој интерес и за свои цели.

СИЛВАНА: А ти за чиј интерес работиш? Не те знаеме? Сакаш да ни наметнеш своевидно раководење, но за жал, предизвикуваш несогласување меѓу присутните како резултат на плитко размислување. На секој состанок доаѓаш натурена, несакана и тврдоглаво и сувопарно ги водиш состаноците, и секој состанок не го завршуваш до крај бидејќи сакаш секоја точка да биде прифатена по твоја желба, а не по желба од мнозинството.

СОФИЈА: Напротив, по сечија желба, во согласност со училишните мерила и прописи.

СИЛВАНА: Ти "госпоѓа" Таневска си директорка по некое несериозно политичко тактизирање и непотизам... Туку... ајде тргни се и отстапи му го местото на нашиот честит и трудољубив директор Гале! Што ме гледаш? Местото ти е во толпата со нас, а не да управуваш со нас.

СОФИЈА: (*Наѓласено.*) Знам, можеш да речеш било што со твоето недолично однесување, И знам како твоето напудрено лице се обидува да

ги скрие слабостите на екс директорот Гале, но пред да седнам на фотелјата сега не е место за расплет на случувањата во колективот. Те молам, тргни се настрана и врати се меѓу присутните.
СИЛВАНА: *(Кон присутните)* Не верувам дека ваков карактер може да не води кој го скратува моето доискажување.
СОФИЈА: Ама ќе ти повторам, не му е сега местото на твоето доискажување кога уште не сум седнала. Стрпи се, сè што имаш да кажеш, можеш да го кажеш во текот на состанокот по точките на Дневниот ред.
СИЛВАНА: *(Ја погледнува и кон присутните)* Се стресувам кога ја погледнувам. М... *(Мољевито ја затресува главата.)* Ваква појава само може да го затемни жолтиот сјај на фотелјата.
СОФИЈА: Чудно... Но не мора да ме погледнуваш, доаѓаат миговите кога ќе се откријат вашите сомнителни лица и повеќето овие пред нас ќе бидат сведоци на нечесни дела. Кога ќе згрешиш некоја математичка функција, благајничката соба станува непробоен тврд бедем за колешките и колегите кои имат потреба да Ве прашат нешто или добијат нешто. Со навредливи зборови им се обраќаш како со осила да ги касаш, истерувајќи ги од канцеларијата.
СИЛВАНА: *(Заканувачки.)* Само да се врати Гале за директор, решението за отказ ќе ти го отчукам уште преку нокта. *(Кон Гале)* Ајде директоре, седни си на својот стол. Седни дирек-

торе, колективот по третпат те чека да те види во најсветло руво.
СОФИЈА: Да седне?
СИЛВАНА: Ќе седне, ами што? Сакаш да си наложуваш самоволие на твоите болни зли чувства?
СОФИЈА: (*Со незадоволство.*) Јас сум службено поставена на местото директор, т.е. на оваа фотелја. И... не ти доликува што зборуваш така! Моите чувства се чувства на добрина према сите, а чесната работа ми е светол патоказ што ме води во животот и работата во овој колектив.
СИЛВАНА: (*Покажува на етикетата "директор" што Гале ја носи на левата страна на палтото.*) Погледни! Погледни! Сè уште ја носи етикетата-директор! Погледни каков вреден човек имаме! Седни директоре столот е твој! Сите се за тебе на сите им погодуваше! Таа ли ќе управува со нејзиното несмасно и жолчно раководење?!
СЛАВЕ: (*Им приоѓа со нагласок.*) Да, токму таа ќе управува! Те молам, слушај!
СИЛВАНА: Да!
СЛАВЕ: (*Налутено.*) Престани со сите твои стремежи и сплетки на натрапничка! Те знам и те знаеме. Твојот директор мене не ми погоди и на многумина, само молчат и се плашат од освети, затоа што знаеме какви подли начини во крвта му ријат. Знаеш ли на колкумина им отсече од платите, од нивниот залок? Само и само да наметне самоволие и страв!


УСТАНОВА ... СТРУМИЦА

СИЛВАНА: Знам. Некои од нив го заслужија тоа! Не ги извршуваа работните задачи и беа против објективноста на директорот!
СЛАВЕ: Објективноста!? Ти и тој ќе ми зборувате за објективност! Госпоѓата Таневска е само една година директорка и успешно нè води, и многу направи за училиштето, некој што тоа не го направил за дваесет години.
ГАЛЕ: Успешно нè води? Многу направи?
СЛАВЕ: Да, да...
ГАЛЕ: *(Наредбодавачки.)* Ти врати се од каде дојде!
СЛАВЕ: *(Со чудење.)* Јас?!
ГАЛЕ: Да! Ти! Кој те повика?
СЛАВЕ: Никој! А кој тебе те повика да и здодеваш на директорката како заскитена мува? А еве изгубивме толку многу драгоцено време пред да почне состанокот.
ГАЛЕ: Мене? Кој ме повика?
СЛАВЕ: Да, тебе! Не ти дошла дома да и се закануваш со пушка в рака како на мене!
ГАЛЕ: *(Како да не знае.)* Што зборуваш? Каква пушка спомнуваш?
СЛАВЕ: *(Налутено.)* Таква! Тоа што ми се случи мене кога дојдов кај тебе! Отрпнати сме од твоите празни зборови. Само татнеш како со удари на тапан со твоите малкумина недораснати подржувачи. Знаеш ли колку затскриени недела крие твоето мрачно лице?
ГАЛЕ: Не знам! Измислуваш!

СЛАВЕ: Ги почувствував на својата кожа! Ти си човек со изгубено чувство на однесување и уништуваш сѐ што е човечко меѓу нас. Зад себе остави траги на раздор меѓу нас и стапки на непријателство. Ако некој не е со тебе значи е против тебе. Ти нѐ подели на „наши" и „ваши". А оваа жена-човек повторно нѐ здуши и сроди, бидејќи тука сме сите да ги воспитуваме и наобразуваме учениците во духот на слогата и разбирањето. Те молам, врати се на твоето место!

ГАЛЕ: (*Нагласено.*) Не! Вриеш полн со празни илузии и бесмислици! Токму, таа го подели колективот! Токму таа внесе раздор меѓу Вас со нејзиното лошо однесување и управување. И токму таа сноси кривица за последиците што ги трпиме.

СЛАВЕ: (*Нервозно.*) Не! Со тенденциозност го велиш тоа! Ние ја почувствувавме нејзината добрина штом дојде и ги подобри лошите меѓучовечки односи меѓу нас!

ГАЛЕ: Затоа многумина не доаѓаат на состаноци! Тоа ли е колегијално единство?

СЛАВЕ: Тие што не доаѓаат на состаноци се твоите усвитени тапоглавци кои работат по твое гесло, гесло на самоволие и раздор! Те молам!?

ГАЛЕ: Да!

СЛАВЕ: Врати се на своето место бидејќи во крвта почна да ми побудуваш бунтовност!

ГАЛЕ: *(Одејќи на место со закана.)* Ќе види таа, со чиј авторитет си поигрува! Само да се вратам. *(Седнува.)*

СИЛВАНА: *(Се враќа на месшо со закана.)* Ќе види тоа црно, црнило... поцрно е и од јаглен. *(Седнува.)*
СЛАВЕ: *(Учшиво.)* Повелете, колешке, седнете. Се смирија злите духови. Како да влегол ѓавол во канцеларијата.
СОФИЈА: *(Седнува.)* Ви благодарам колега Хаџијски. *(Славе оди на своешо месшо и седнува. Софија го вади Дневниош ред од џаикаша најавувајќи го.)* Колешки и колеги, за овој Собир на работници има две точки, и тоа: Запознавање со забелешките од записникот на финансиската инспекција и Разгледување на протестен поднесок од страна на колегата Гале Никовски. Според тоа, до колку има некој да додаде или измени во Дневниот ред, нека повели. *(Шеџошење меѓу џрисушниише, но нема џредлог за измени или доџолнување на Дневниош ред.)* Како што гледам нема друг предлог. Тогаш, да го усвоиме Дневниот ред со кревање рака. (*Сише кревааш рака.)* Констатиртам дека Дневниот ред е усвоен. Ви благодарам. Почитувани колешки и колеги според забелешките од записникот на финансиската инспекција, имав можност да се запознаам како работел претходниот директор на нашиот колектив Гале Никовски за 1995, 1996 и 1997 година. Со увид на документите, односно фактурите, Финансиската инспекција констатира дека поранешниот директор си дал за слобода да ја злоупотреби својата раководна службена функција.
ГАЛЕ: (*Револширано сшанува.)* Што зборуваш?

СИЛВАНА: (*Станува.*) Зарем е можно против нашиот директор Гале Никовски? Не обраќајте ѝ внимание, колешки и колеги, кажува измислици!

СОФИЈА: Најмалку измислици, факти колешке, факти, забелешките на инспекцијата, за што многумина малку знаат.

ГАЛЕ: Како може толку отворено и јавно да критикуваш? Навистина зад твоето црно лице се кријат црнила на еден неподнослив карактер што нападот ѝ е единствената тактика.

СОФИЈА: (*Нагласено.*) А зад твоето се кријат тајни што ете, дојде време да се откријат и идолот станува полн со недоследности во своето финансиско работење.

ГАЛЕ: (*Кон присутните.*) Ете, колешки и колеги, пак почна да лепи непријатни етикети на моја сметка! Како може една ваква личност, на едно вакво место да зборува за идол, кога јас сум човек токму со доследности во својата работа. Како што гледам, црната боја на лицето ѝ е трн што секој може да го боцне в срце. Согледувам како го подгрева состанокот, пак вообичаено да не заврши!

СОФИЈА: Тоа сте вие и вашите сомисленици кои ги подгреват состаноците и предизвикуват немир што понекогаш мoрат да бидат прекинати. Но, овојпат да бидеме стрпливи и да го дочекаме крајот.

ЕМИЛ: (*Налутено*) Не! Не! Тоа си ти и твоите! Откако стана директорка сè тргна наопаку! Го подели колективот и разгоруваш омрази меѓу нас!

СОФИЈА: (*Смирено.*) Јас не го поделив колективот и немам "свои" за мене сите се еднакви. Место да ја смируваш ситуацијата во училиштево подржуваш поранешен директор со аномалии во финансиското работење!

ЕМИЛ: *(Сериозно.)* Морам да речам, ставила точка на Дневен ред со цел да внесе раздор во колективот и да не подели водејќи се по принципот "раздели па управувај"! Итра мудрост на нејзиниот карактер.

СИЛВАНА: Место да не раководи се занимава со малограѓанштина! Не ти е местото на онаа фотелја!

ГАЛЕ: Токму така! Не, и ѝ е местото на онаа фотелја!

ДИМИТАР: (*Станува и им се приближува на Гале и Силвана.*) Нејзе токму ѝ е местото на она фотелја, а вам ни во овој колектив!

ГАЛЕ: *(Налутено.)* Ти, врати се на твоето место!

ДИМИТАР: *(Налутено.)* И ти на твоето! Не сум ти дошол дома на гости! Сите сме еднакви исполнувајќи ја својата работна задача. Пак ќе повторам, како што и повторувам на состаноците: Само сееш омрази меѓу нас! (*Презриво.*) Директор! И ти директор! Седи таму! И двајцата! На корупцијата ѝ дојде крај! (*Гале и Силвана седнуваат на своите места потоа и Димитар се враќа на своето место и седнува.*)

СОФИЈА: (*Смирено.*) Колешки и колеги, неговото финансиско работење според финансиската инспекција било незаконско.

ГАЛЕ: (*Од месшо.*) Измислуваш!
СОФИЈА: *(Ги чиша забелешкише)* Прво, кај сметката 4242, канцелариски материјал е констатирано дека фактурите се платени, но ниту на една нема испратница од која ќе се види кој ги купил тие материјали, односно каде и како се потрошени парите. Тоа е износ од 437 932 денари. Замислете, во летниот период, кога нема никаква активност, купен е книговодствен материјал во износ од 142 300 денари.
ГАЛЕ: *(Од месшо)* Тоа се потрошени средства за административни материјали што се трошат брзо. Сето тоа е службено примено и книжено од страна на општествениот книговодител. Што сакаш, тебе да ти давам отчет за мојата работа? Никогаш не сум имал салдо минус. Општествениот книговодител се гордееше со мене.
СИЛВАНА: *(Од месшо)* Како благајничка можам да речам дека сè се работеше, според книговодствените законски прописи. Сите завршни сметки беа примени во Заводот за платен промет без забелешки. Оваа само измислува како и вообичаено и на ист начин го смени директорот Гале.
СОФИЈА: Тоа се факти на Финасиската инспекција...
СИЛВАНА: Факти? Лаги финасирани од тебе и од подмитената Финасиска инспекција.
СОФИЈА: Митото е туѓо на мојата чиста совест, госпоѓице Цикарска.
ДРАГИЦА: *(Крева рака.)* Може за збор?

СИЛВАНА: Што се јавуваш за збор? Нели гледаш и слушаш? Јас имам збор.
ДРАГИЦА: Никој не ти дал збор, туку само се нафрлуваш непристојно.
СОФИЈА: Повели колешке Драгице!
ДРАГИЦА: *(Станува.)* Колешки и колеги, кога беше директор Гале ни една завршна сметка не помина низ Училишниот одбор, секогаш беше претрчувана на Собирот на работници и прифатена благодарение на повеќето истомисленици со него!
ГАЛЕ: *(Се вмешува од место.)* А што сакаш, реферати да ти читам? Во пресметките се знае, точност и само точност, во книговодството нема филозофирање и писателско описно искажување. Сакаш есеи да ти пишувам?
ДРАГИЦА: Можеби се плашеше да не ти откријат некои слабости, но ете ти укажуват и ги откриле.
ГАЛЕ: Бојазноста е туѓа во случајот со моето веродостојно финасиско работење и недорасната некоја и некој да ми укажуваат на вакви нешта на тендециозен состанок како овој.
ДРАГИЦА: Навистина?
ГАЛЕ: Да. И напразно се трудите да фрлите сенка на моето финасиско работење.
ДРАГИЦА: Па ете, Финасиската инспекција го потврдува вашето финансиско незаконско работење.
ГАЛЕ: Финансиката инспекција е подмитена, да ја компромитира мојата чесна работа.

СОФИЈА: Ќе ве молам без дијалог! Имате ли нешто да додадете, колешке?
ДРАГИЦА: Не. *(Седнува.)*
СОФИЈА: Благодарам! *(Продолжува читајќи други забелешки од записникот)* Колешки и колеги, само да ве потсетам, за една година, за репрезентации се потрошени 300 000 денари. Господинот, поранешен директор, си дозволил да прави вистински гозби, а вашите грла само можеле да сонуваат за такви гала-софри.
СИЛВАНА: *(Од место)* Зарем директорот немал право да почести некои службени соработници или службени пријатели?
СОФИЈА: Имал, но преголеми парични средства се потрошени за тие честења.
СИЛВАНА: Леле, Боже, оваа е целата избезумена и губи контрола. Луѓе, да викаме психијатар да ја прегледа! *(Оди кон телефонот и пушта рака да го дофати.)*
СОФИЈА: *(Налутено не дозволувајќи да ја дофати слушалката.)* Ќе те молам тргни се! Тебе ти треба психијатар!
ЕМИЛ: Ако затреба, јас сум психолог во училиштето, можам да ја тестирам нејзината психолошка состојба.
СОФИЈА: Чудно, како и ти се закачи на лукавата јадица на претходниот директор Гале Никовски? Ти како психолог треба да ги тестираш проблематичните ученици, а не седиш во твојот кабинет каде готвите деструктивни рецепти против мене!

ЕМИЛ: Мојот кабинет е омилен на сите, можеш да дојдеш во секое време и позборуваме повеќе за психологијата на детето и возрасните. Можам на тој начин да ти помогнам нешто.

СОФИЈА: И ти колега Огненовски заборави дека пред мене училишниот двор беше депонија од најразлични отпадоци, а јас го направив парк со фонтана.

ДРАГИЦА: *(Оди кон Гале.)* Леле, Боже, нашите пари! И нашите пари пропаднаа!

СЛАВЕ: *(Оди кон Драгица.)* Не се вознемирувај, жено! Ќе ги врати.

ГАЛЕ: *(Кон Софија.)* Зарем и оние што зборуваат е точка на Дневен ред? Дозволуваш се ѝ сешто да се случува на состанокот. Прекини го состанокот да не заврши со непријатни последици! Гледате ми се приближуваат со неумесни искажувања, а може да дојде и до агресивност.

СЛАВЕ: *(Смирувачки.)* Не се вознемирувај, жено! Тој сака да се извлече од тешката состојба во која западнал. Затоа и сака да се прекине состанокот.

ГАЛЕ: *(Кон Софија станувајќи.)* Каква директорка сте? Вие сте ја подбуцнале така да зборува против мене! Со цел да ме компромитира јавно.

СОФИЈА: Не јас, туку самиот си се довел до ваква состојба. *(Кратко негодување од истомисленициите на Гале и стишување.)*

ГАЛЕ: Ве молам не правете ја канцеларијата барутно складиште, што може да нанесе штета на колегијалноста во иднина! Нели гледате што

се случува? Хаос на состанокот! Но кој што ќе му текне тоа зборува!

СРЕБРА: Ама јас постојано велам дека не е далеку денот кога не само што ќе го бараме, туку и ќе го молиме господинот Никовски да продолжи со дигнитет и понатаму да го води нашето училиште. Во ваков момент, Ви советувам да го прекинте состанокот.

СОФИЈА: Не колешке, состанокот нема да го прекинам! Драгица го изразува својот гнев против поранешниот директор поради некои тешкотии кои ѝ лежат на срце.

ДРАГИЦА: *(Кон Гале)* Парите во целост да ни ги вратиш!

ГАЛЕ: *(Се фаќа за глава.)* Зарем и ова е можно? На Службен состанок да се зборува приватни глупости? Прекинете го состанокот!

СОФИЈА: Не, состанокот ќе продолжи до крај.

ДИМИТАР: *(Оди кон Гале.)* Состанокот нема да биде прекинат, ќе продолжи и понатаму до крај како што рече директорката. Понекогаш, можно е понешто и од страна да се рече и вметне... Како ти го критикуваше директорот пред ти да дојдеш на негово место? За еден квадратен метар плочки, го нарече, јавно, крадец! Покасно се докажа оти твојот чувар што ме смени ги украл. И тие плочки ти послужиле за вилата во Охрид. Само да е тука, да те види што човек си! Штета што отиде во пензија.

ГАЛЕ: Сè што рече си измислил!

ДИМИТАР: Измислил? Знаеме... се зборува меѓу нас... *(Шепотење меѓу присутните. Сти-*

*шушкање. Во меѓувреме Драгица, Славе, Силвана, Гале, Сребра, Димитар седнуваат на своите места)*
СИЛВАНА: *(Божем вџашена, од место)* Боже... Зарем е тоа можно, небаре двегодишното директорување ептен ѝ го поматил умот на кутрата Таневска. Прибрала и провокаторка кај себе. Срамота е луѓе... срамота е за човек кој што не зел ни денар за себе, ниту некакви плочки, та да се фрлаат и дрвја и камења! Не верувам дека постои човек кому господинот Никовски му должи и безначаен износ!
ДИМИТАР: *(Нагласено)* Постои! Како не постои? И мене тој ми должи!
ПАВЛЕ: *(Подбивно, останатите в молк.)* Да не случајно, си тој кому му должи еден ваков авторитет?!
ДИМИТАР: Да!
ПАВЛЕ: *(Додека Силвана и Емил се смеат)* Е, па почитувани колеги се роди вест за најударните ТВ термини! *(Подбивно)* Господинот директор Никовски... замислете си... Меѓу половина милион клиенти во градот се задолжил токму кај нашиот хигиеничар Димитар! *(Групна смеа)*.
СРЕБРА: *(Низ смеа)* Е, навистина ме изнасмеа бреее Славе... туку... де, де покажи ни на што ти должи господинот Никовски... како се случи токму кај тебе да побара решение за сопствените проблеми... Те молам Димитар... *(Низ смеа)* како се случи тоа?
ДИМИТАР: Како се случи? Гледам дека Вам Ви е до смеа, за мене... за мене е сериозен проб-

лем! Особено заради тоа што ни по една измината година не ми има вратено ни денар!

СИЛВАНА: *(Низ пробивна смеа)* Алал да ти бре Димитар... како ти истекна таа шега та не изнасмеа.

ДИМИТАР: Се гледа дека Ви е до смеа... се гледа! Луѓе, не ми е до смеење! Петстотини илјади денари... Да, да сета заштеда од моето работење во Германија... Верувајте ми на еден збор му ги дадов сите! Рече му требале за вилата во Охрид... А ете една години одмина, а тој...

СРЕБРА: *(Низ смеа)* Браво бре Димитар... како ти истекна тоа? Е, да знаеш вака слатко не сум се изнасмеала со години! *(Подбивно)* И што сега? Не сака да ти ги врати парите?

ДИМИТАР: Не се подбивајте луѓе... Сè што реков е вистина! Кутриот јас... (*Со нагласок)* Толку години макотрпна работа во Германија... Тоа беше сè што спечаливме со жена ми... Ги чувавме за децата... училиште... студии...

ПАВЛЕ: Браво... браво Димитар... е... признавам никој не успеал да ме изнасмее вака силно!

СЛАВЕ: *(Од место гневно*) Престани бре тапоглавец! Зар не ти значи ништо тоа што го зборува?

ПАВЛЕ: *(И понатаму расмеан)* Ама тој... па тој е феномен... Како ли само му успеа да измисли сето она што ни го кажа!

СРЕБРА: *(Исто низ смеа)* Навистина... како му успеа така брзо да измисли сè...

ДИМИТАР: *(Сериозно)* луѓе... верувајт ми луѓе... сета моја заштеда отиде во неврат!

СЛАВЕ: Во неврат? Зошто! Одби да ти го врати долгот?!
ДИМИТАР: Да! Наминав денеска кај нив дома... Колку да ги потсетам...
СЛАВЕ: И?
ДИМИТАР: И... првин жена му, а потоа и тој ме избркаа... Пушка крена против мене! Верувајте ми луѓе... ме избркаа советувајќи ме да се присетам кому сум ја позајмил мојата заштеда, зашто ним не им имаме дадено ни денар!
СИЛВАНА: *(Со сериозен тон)* Е, па пријатели мои, ова навистина е интересен драмски заплет, меѓутоа, за жал, не би можела да го прифатам како реалност! Зар директорот Никовски да позајми пари и тоа токму од хигиеничарот Димитар и да крене пушка против него... Не си дозволувам да бидам заложник на ваков апсурд!
СЛАВЕ: А, што да речам дека истиот директор Никовски и од мене позајми осумстотини илјади денари за доизградба на истата вила во Охрид, за што мојата жена Драгица пред малку спомна.
ПАВЛЕ: *(Во сериозна атмосфера)* Хм! А зошто не? Не верувам дека постои човек кој барем неколкупати во животот не се позајмил по разни основи! Впрочем, и тоа е дел од мостовите за показ и јакнење на пријателството! При сè најважно е долгот навреме да се врати!
СЛАВЕ: Е, па поентата е во тоа што цела одминатата година господинот Никовски не се погрижи да го исполни договореното! Навистина позајмицата е со договорен рок со конкретно одредени месечни рати, и тоа без камата, како

што е случај со банкарските кредит, но по можност и во целост меѓутоа досега не врати ни еден единствен денар.
ПАВЛЕ: Ако не се лажам како да начув дека позајмицата била на две години... така?
СЛАВЕ: Да! Но според договорот постои обврска за точно одреден месчен износ и датум, и по можност во целост. А тој досега не испочитувал ништо од догвореното! Па... како и Димитар... И јас деновиве се обидов да го потсетам... но... по одговорот што го добив ќе морам разврската да ја побарам на суд! *(Кон Димитар)* Тоа и тебе те советувам да го сториш пријателе.
ГАЛЕ: *(Со истиот ноншалантски манир)* Пријатели мои... тоа што колегата Славе пред малку рече... Вистина е! Познато Ви е дека сум непроменлив поклоник на вистината, па... токму во името на таа вистина и ќе го потврдам сето она што пред малку го рече! Вистина е дека не сум му вратил ни денар од позајмицата... но... тоа не значи дека уште долго ќе му останам должник! Верувајте ми... се срамам што работите добија сосем понаков тек одошто планирав. Но... се случија некои непредвидени финансиски проблеми па... не дека не ќе му вратам се до последнен денар... ама... еве пред сите го замолувам да попричека уште неколку месеци колку да се соземам... И ветувам... верувам сиот износ ќе му го вратам наеднаш!
ДРАГИЦА: *(Вџашено)* Господе... зар е тоа можно?! Зар толку многу може да нараснат злостите на нечовекот во човекот што дури и да

однема засекогаш правото да се нарекува повеќе човек?! Па ова... ова што сега го чув... Оф! Не, не!.. Навистина не сакам да поверувам дека го чув! *(Гневно кон Гале)* Зар до таму стаса бре Гале? Толку ли многу ти значат проклетите пари, та поради нив да се престориш во бескрупулозен слуга на подлостите и лагите... Но ова. Ова што пред малку го чув... ова ми говори дека во тебе местото на човекот одамна го проголтнал раритетот монструм!

ГАЛЕ: *(Особено ноншалантно)* Чинам... бев доволно јасен и неотстапливо искрен! Долгот кон колегата Славе ќе биде вратен во договорениот рок и во потполн износ. Се разби-ра тоа при неговата посета неколкупати го нагласував, но за жал тој упорно и дури дрско и со нагласок на насилник бараше веднаш да му исплатам сѐ!

СЛАВЕ: *(Гневно)* По сѐ како што констатирам колегата Никовски комплетно ги има изгубено сетилата за достоинство и чест! Ги земам за вистината зборовите од Драгица... Да, да... во него почитувани колеги навистина местото на човекот одамна го има проголтано одоглавен монструм...

СРЕБРА: Засрамете се... По се изгледа... привилегиите што Ве озарија со директорувањето на госпоѓата Таневска... сериозно Ви го сматија смисолот за реално расудување!

ПАВЛЕ: Хм! А што би можело да се очекува друго од луѓе кој за секој новодојден директор имаат однапред подготвено милкачки насме-

вки... а и за секој кој што си заминува - најразлични клевети и навреди!

ГАЛЕ: (*Во истиот стил*) Тоа... тоа што така бесрамно и измамнички го пласираат на мене... тоа... мојата благородна природа... инаку се разбира, добро позната на сите Вас... не ми дозволува да им го земам за грев! Згрешија луѓето... а кој не згрешил! Животот ме научи на најголема мудрост: " Прости му на тој што ќе те навреди за да му го покажеш патот да се покае за гревовите!" Но дозволете ми да се доискажам... веќе реков... долгот на колегата Славе воопшто ниту бил ниту пак ќе биде спорно прашање!

СЛАВЕ: *(Гневно)* Бесрамен изманмику!.. Кажи им ја на луѓето вистината... како ме пречека... и како ме испрати! Кажи, кажи им!

СИЛВАНА: *(Подбивно)* Мислите ли Вие сопружниците да го оставите нашиот директор да се доискаже? И до кога воопшто мислите да не труете со Вашите општопознати подлости?

ГАЛЕ: Не се вознемирувај госпоѓице Цикарска! Најважното и превосходно правило кое секој човек треба да го научи е - да простува! Не одмаздата, туку проштевањето е генерална спецификација на вистинскиот човек!

СРЕБРА: Ама велам јас дека човекот како нашиот директор господин Никовски никаде на светот повторно нема да се роди!

ГАЛЕ: Па... да се доискажам... се договоривме како што и доликува на долгодишни соработници и интелектуалци... му се извинив најучтиво за доцнењето на ратите и...

СЛАВЕ: Срамота! Луѓе... па тоа... тоа зар е да се лаже... И згора на сѐ измамникот да се гледа в очи? Не, не! Тоа... тоа не го може човек со зрел ум и чиста совест! Знаете ли што се случи кај нив луѓе?..

ГАЛЕ: *(Игнорирајќи го)* Па... како што реков... за разлика од бескрупулозното договорено со колегата Хаџијски... за мене... се колнам во сета моја чест...

СЛАВЕ: *(Влегувајќи му во зборот)* Се сомневам дека воопшто некогаш си ја имал!

ГАЛЕ: *(Игнорирајќи го)* За искажуувањето од нашиот хигиеничар Димитар... кого што лично отсекогаш го сметав за разборит човек... едноставно... толку ме трогна што... Та зар би можел да се престорам во така бессовесен бездушник... впрочем, дали некој може да ме замисли во ролјата на нечесен дегенерик којшто сосем едноставно би му ја одзел севкупната животна заштеда на кутрец каков што е нашиот Димитар.

СИЛВАНА, ПАВЛЕ, СРЕБРА И ЕМИЛ: Не! Тоа никако! Глупост

ДИМИТАР: Ве молам... ве молам верувајте ми... Вистина е... сѐ што реков е вистина! Овој... овој лажго! *(Поаѓа кон него, но го задржуваат Драгица и Славе)*

ДРАГИЦА: Јас му верувам! И верувам дека го обрал кутриот! Тоа што нам ни се случи...

ПАВЛЕ: *(Подбивно)* Добро де, добро... " Нам ни се случи... нам ни се случи"... тогаш... *(Обгледувајќи ги останатите)*

СЛАВЕ: Што се случи? Среќни сме што навреме поучени од нашиот нотар направивме писмен договор... Инаку... И ние сега ќе кршевме беспомошно прсти како и кутриот Димитар.
СИЛВАНА: *(Иронично)* Сè уште ништо не чувме! Ајде де, сите сме престорени во уво! Нашиот директор...
СЛАВЕ: Госпоѓице Силвана... Вашата дрскост ги надминува сите граници на пристојноста! Не заборавајте дека господинот Никовски не е повеќе директор на училиштево! А колку да Ве потсетам... директор на “Војвода Карпош“ е госпоѓа Софија Таневска!
СИЛВАНА: Но, не за долго!
СРЕБРА: Јас па нешто начув... така де... дека можеби токму денешниот ден ќе ѝ биде последен ден...
ПАВЛЕ: И... ете ти го по третпат вистинскиот човек на вистинското место! Но... продолжете, продолжете колега... И? Што Ви се случи кај директорот Никовски?
СЛАВЕ: Тоа што не верував дека е можно да ми се случи,се случи! Влегов кај нив и доживеав заканaнување со пушка, само и само да не ми ги вратат парите. Не сакам да Ви досадувам и раскажувам што се случуваше таму, но разврс-ката ќе ја барам на суд.
СИЛВАНА: *(Презриво)* Срам да тие! Како можеше за својот некогашен училишен другар?! Е, сега е сосем јасно дека станува збор за заговор меѓу опортунистите на директоркара Таневска.

ПАВЛЕ: Се договориле сопружниците Хаџијски и оној хигиеничарот Димитар со нивната директорка и уште неколкумина дениниџијанти... па...
ЕМИЛ: Е, тоа де! Не ќе дозволиме да го валкаат името на човекот кој не задолжи за цел живот!
СИЛВАНА: Ваквите валканици господине Хаџијски не поминуваат ниту кај децата од предучилишно...
ПАВЛЕ: А колку убаво директорот Никовски ни го опиша случајов... Призна човекот... зел позајмица... И ќе ја врати целосно според договореното! Што повеќе понатаму... *(Тишина)*
СИЛВАНА: Може ли за збор?
СОФИЈА: Повели!
СИЛВАНА: *(Кон Софија од месѿо)* Мислиш дека си најисправна како директорка?
СОФИЈА: Да. За мене делата зборуваат. Обрати им се на присутните, што сакаш да речеш.
СИЛВАНА: *(Кон сиѿе.)* Колешки и колеги, не знаете што ми се случи првиот ден, кога стана директорка. Ни в сон не верував дека е можно да се случи! *(Ги ӣокажува ѿреӣерливеѿе раце)* Ете, ете гледате сè уште не можам да ги смирам и покрај мноштвото конзумирани лекови.
ГАЛЕ: *(Од месѿо)* Кажи им отворено дека зад маската се крие демон подготвен и со дивјачки методи да ги брани привилегиите што ги носи директорската фотелја!
СОФИЈА: *(Изненадено īледајќи во сиѿе)* Ама луѓе... јас... јас воопшто не разбирам за што ста-

нува збор! Какви демони?.. Какви дивјачки методи?
СИЛВАНА: *(Грубо)* Сè има свој крај, па дури и најумешното перфидно толкување на ролјата директор-алтруист. Дефинитивно тогаш во огледалото на вистината го видов твојот вистински лик. Го видов ликот на демонот од кој малку фалеше, па дури и животот да го загубам!
СЛАВЕ: *(Станувајќи и обгледувајќи ги сите)* Макар што не знам што навистина се случило... Останувам и понатаму со моето убедување во беспрекорното раководење на колективот од страна на директорката Таневска!
СИЛВАНА: *(Низ божемно плачлив глас)* А што ако ви кажам со сета своја искреност дека бев физички нападната од веќе премногу осоколената госпоѓа Таневска! И додека лежев омелушена на подот... ми зграби еден куп документи и појде кон вратата. *(Низ плач)* И знаете што потоа рече? Рече: Јас морам да ве пикнам в затвор тебе и твојот почитуван поранешен директор! Доволно е да допишам по нешто во фактурите или да искинам неколку документи... па... *(Потонува во силен плак)*
ОСТАНАТИТЕ: *(Џагор и измешани прашања: Како? Зошто? Неверојатно! Зарем е можно?)*
СЛАВЕ: Почитувани колеги, со директорката Софија се знаеме речиси две децении и со сиот свој авторитет само верувам во нејзината невиност! Едноставно сета оваа фарса ја сметам за тешка навреда на личноста која и како човек и

како директор се карактеризира со исклучителна вредност и позитивна креативност.

ДИМИТАР: *(Станувајќи)* И мене не ми се верува! Во колективот сум долго време и чинам на нашата директорка интересите на училиштето се во преден план. Нека ми наспомни некоја личност со која директорката Таневска се има испокарано и веднаш му поверувам во сè останато!

ДРАГИЦА: Останувам без колебање во одбрана на директорката Таневска! Ја знам одамна и не верувам воопшто во можностите од ваков екцес. Нека ми прости нашата благајничка, но сè ова што беше речено го сметам за несериозен обид да се деградира личноста и авторитетот на госпоѓата Таневска.

ГАЛЕ: Понекогаш се случува да станеме заложници на нешто за што тешкиот данок на совеста ќе го платиме дури откако и самите ќе станеме жртва на одредени безумни случувања и насилства. Ако се прашувам јас... без двоумење велам, верувам! Мене, почитувани колеги, најголемиот гарант за веродостојноста на недоличниот напад е длабоката болка што ја разжарува душата на нашата колешка-благајничка и особено толку вознемиреноста и болниот плак. Оваа посебно треба да нè вознемирува сите, зашто никој не може да биде сигурен оти утре или задутре и самиот не ќе да е една од новите потенцијални жртви на насилничките изливи од госпоѓа Таневска!

СИЛВАНА: *(Низ плач остро кон Софија)* Со тебе... со тебе епилогот ќе го бараме на суд! На суд со тебе проклетнице... Ако со тебе нешто не е во ред... постојат институции... Оди, оди и лекувај се сатанска прокобнице... И остави го неизвалкано реномето на училиштето!
ЕМИЛ: Почитувани колеги сѐ ова говори дека меѓу нас се случуваат работи кои се сериозна опасност за авторитетот што барем досега традиционално успеавме да го одржуваме на нужното ниво. Ако тоа што го вели госпоѓицата Силвана е навистина така, тогаш јас лично особено стравувам од реакцијата на јавноста!
ПАВЛЕ: Замислете ја реакцијата од родителите на учениците: “Директорката на `Војвода Карпош` претепала благајничка!”
СИЛВАНА: *(И понатаму во плач)* А документите што ми ги украде... А што се закани дека ќе не пикне в затвор со почитуваниот доскорешен директор? А што газеше врз мене додека омелушена лежев на подот? *(Со гнев)* Тебе ли... На суд... на суд со тебе безумна насилничке!
ЕМИЛ: Ако е веќе така... И јас мислам дека судот е едноставно место кајшто ваквите проблеми би требало да ја добијат најсправедливата завршница! Впрочем, екцесот од директорката Таневска лично го сметам за непростлив и во никој случај не би се согласил да биде заташкан! Преку некои нешта почитувани колеги не би смееле да преминеме молчешкум.
СЛАВЕ: Колега Огненовски, макар што знам дека сте потврден подржувач на расколничката

политика на поранешниот директор, и во чиј табор е и личноста која штотуку се обидувате да ја окарактеризирате физички и секако психички истормозена, Ве молам, превосходно алудирајќи на Вашата професија психолог, пред да залегнете во ровот на противничката армада, барем за миг проанализирајте ги настаните!

ЕМИЛ: Почитуван колега Хаџијски, во се ова, јас не гледам потреба од некакви психолошки анализи на инцидент кој малку недостигало, па да заврши и со потешки последици! Тоа Вам како наставник по физичко би требало воопшто да не Ве зачудува! Се случи расправија, паднаа пожестоки навреди и... ете ти ја физичката пресметка.

ПАВЛЕ: Јас како потполно неутрален во случајов и понатаму сум на стојалиштето, случајот да се предаде во надлежност на органите на прогонот!

ДРАГИЦА: Навистина сум длабоко трогната од апологетските обиди на колегата Павле да ги насочи патиштата на вистината во спротивна насока! *(Со подржување на неговиот глас)* "Јас како потполно неутрален во случајов..." *(Со остар глас)* Кому му фрлате магла в очи колега Павле? Нам? Или мислите дека двете одминати години од разрешувањето на директорот Никовски и доаѓањето на госпоѓа Таневска се така дамнешен период којшто би требало да исчезне засекогаш во полиците на заборавот? Не, не, почитуван колега! Тука ништо не се заборава, а особено полтронските скалила по кои Вие и

сличните на Вас постојано се качувате грижејќи се да не останете на миг подалеку од очите на поранешниот директор... И се разбира на неговата најпредана соработничка, благајничката Силвана!

СИЛВАНА: *(Истовремено низ плак и гнев кон Драгица)* И ти... И ти злосторничке што изигруваш отсекогаш сериозна наставничка за кого иднината и судбината на учениците се генералниот приоритет! И ти... И тебе дволичничка скриена зад темната маска на бессовеста, не ќе те одмине раката на законот! Таму... таму... е Вашето место бессовесни злосторнички... на суд... само на суд со Вас!

СОФИЈА: Почитувани колеги, простете што денешниот наш состанок отпочна во една навистина необична мачна атмосфера, но...

СИЛВАНА: На суд... на суд со Вас насилнички...

СОФИЈА: *(Не обраќајќи ѝ внимание)* Но... покрај сè верувам дека ќе имаме и сили и добра волја да продискутираме подостојно по Дневниот ред.

СИЛВАНА: *(Остро)* На суд... на суд со вакви злосторници...

ГАЛЕ: Тоа апсолутно! Сметам дека ваков случај треба да се даде на судска разврска!

ПАВЛЕ: Па да, тоа секако, како што рече господинот Никовски на суд со виновниците!

СОФИЈА: Тоа неминовно! И обата случаја се веќе во надлежност на органите на прогонот. Документите за кои госпоѓицата Силвана Ци-

карска пред малку рече дека сум и ги одзела по жесток физички напад... ги одзедов од неа по најучтива замолница и се разбира нејзина согласност. Ова... зошто во мојот кабинет беа службено дојдени двајца инспектори и ги побараа токму актуелните акти! Тоа значи дека постои оправден сомнеж за сторени повеќе кривични дела. Но, тоа е нивна работа.

СИЛВАНА: Каков оправдан сомнеж мори безнадежна насилничке! Зар човекот кој го воздигна на врвно ниво реномето на "Војводата Карпош" да биде обвинет за злоупотреба на службената положба? Тебе, тебе проклетничке ќе треба да те седнат на клупата на обвинетите!

СЛАВЕ: Јас пак мислам: Кој како си посеал, така нека си жнее! Меѓутоа понатаму со сета своја чест и достинство и тврдам и гарантирам за невиноста на директорката Таневска. *(Станува.)* Колешки и колеги, да ја согледаме вистината и да видиме кој директор што конкретно направил за училиштето. Почитуваната директорка Таневска, за една година го возобнови училиштето: Изгради бетонски ѕид со железна ограда на него, од дворот направи парк со прекрасна фонтана, а дотогаш депонија, изгради прекрасна влезна врата пред дворот како да се влегува во рај, го смени покривот да не тече вода во училниците и што е најважно ја доизгради салата за физичко образование и се држат часови. Повеќето тоа го направи со спонзори кои веруваат во нејзината способност.

ГАЛЕ: *(Се вмешува од место.)* Како што почна, ми се чини, како да си се заљубил во неа.
СИЛВАНА: *(Дофрлува.)* И мене, така, ми изгледа.
СЛАВЕ: (*Сериозно.)* Колега! На чистиот ми пат низ животот, не ми фрлај трње,
оти твоите зборови ме глоднаа поостро од нив. Како си дозволи такви лесни зборови да изречеш пред толку луѓе што ме познаваат, посебно пред жена ми чија верност не сум ја прегазил и искалил? Подобро нож крени отколку вакви недолични зборови што слушнав.
СИЛВАНА: (*Од место.)* Е, на само ли, да ти рече?
СЛАВЕ: Ти попаметно е да се фатиш за сламка спас отколку да се обидуваш да се подбиваш!
СИЛВАНА: Човек треба слободно да си ги искаже своите мисли. И нашиот директор многу направи за училиштето.
ГАЛЕ: Да, да, и јас.
СОФИЈА: Ќе ве молам, оставете го дискутантот да се доискаже.
СЛАВЕ: *(Продолжува.)* Директорката покажа дека е натпартиска личност каква што ѝ треба на нашето училиште и нашата самостојна држава. Во неа се вгнездил духот на сите нас, духот на човечноста. Таа е чесна, работлива и што е најважно способна да нѐ води.
СИЛВАНА: Затоа што тебе така ти се допаѓа?
СЛАВЕ: *(Ја погледнува намуртено.)* Не дофрлај! Знам колку можеш да бидеш гнила во ја-

зикот. Долго време работам во овој колектив и секој знае кој каков е. *(Седнува. Тишина.)*

СОФИЈА: Благодарам!

ГАЛЕ: *(Крева рака.)* Може за збор?

СОФИЈА: Повели!

ГАЛЕ: *(Станува.)* И јас многу направив за училиштето: Ги ставив во ред недисциплираните ученици, да не ги навредуваат колешките и колегите! Да не кршат во училиштето и ходникот!

ДИМИТАР: *(Од место го прекинува.)* Затоа правеа хаос низ ходниците и кршеа низ училниците. Професорите се жалеа, но немаше кој да им помогне.

ГАЛЕ: *(Продолжува.)* Ги ставив во ред хигиеничарите.

ДИМИТАР: *(Дофрлува.)* Затоа, насекаде имаше ѓубре, и од чувар ме направи хигиеничар да чистам знаејќи дека работата ми лежи на срце.

ГАЛЕ: *(Го погледнува гневно.)* Училниците ги украсив со уметнички слики од талентирани ученици, направив вистинска уметничка преродба во ентериерот на училиштето.

ДИМИТАР: *(Подбивно.)* Затоа ѕидовите личеа на исчадени оџаци отколку на бели ѕидови.

ГАЛЕ: *(Кон директорката.)* Ќе те молам, речете му да не дофрлува!

СОФИЈА: А како, понекогаш, ти дофрлуваш без да добиеш збор?

ГАЛЕ: Значи, одмаздољубивост.

СОФИЈА: Не. Продолжи понатаму.

ГАЛЕ: *(Продолжува.)* Им држев воспитно, образовни и политички предавања на Унијата на средношколците да бидат свесни граѓани на нашата татковина.
ДИМИТАР: *(Дофрлува.)* Затоа, имаше свои шпиончиња меѓу нив да шират невистини за некои колеги што не ти одговараат.
ГАЛЕ: Сѐ што можев дадов за училиштето, сѐ што можев сторив за училиштето. Го жртвував своето приватно слободно време за реномето на "Војвода Карпош"
ДИМИТАР: И сѐ што рече беше празна врећа удирана со стап и сѐ што рече беа празни зборови, никакви дела!
ГАЛЕ: *(Кон директорката.)* Ти си го подготвила вака да противречи! Местото на кое седиш не го заслужуваш! Ти си искрата што го пали овој колектив! Но еден ден ќе згасне. *(Седнува.)*
СОФИЈА: Благодарам! Колешки и колеги, има ли друг за збор? *(Шепотење меѓу присутните, тишина.)* Како што гледам нема, тогаш да поминеме на втората точка. Во втората точка има поднесено протестен поднесок од Гале Никовски. Дозволете ми да го прочитам. *(Го чита.)*

*Размислував како да го именувам поднесокот, протестен или трагичен, но како и да е, по својата содржина одговара на тажниот немил настан што се случи за време на изведената екскурзија во Лондон. Колешки и колеги, јас бев најголемиот противник да се организира и изведе таа екскурзија. Како да претпоставував и предчувствував дека нешто несакано ќе се случи и за жал, се случи Ѓорѓи Делиевски од нашето училиште трагично*

*загина како резултат на слабата организација од страна на водителите. Но, не треба да ја заборавиме и директорката која дозволи да се изведе таа екскурзија. Колешки и колеги, дали ние немаме главен град со културни и историски споменици што треба да ги посетиме? Директорката за да ја покаже својата неумесна моќ им дозволи да ги минат границите на својата татковина, не водејќи сметка за степенот на претпазливоста и способноста на водителите, според тоа, барам од сите управувачки структури на училиштето да ја суспендират директорката Софија Таневска од функцијата директор и во иднина да не изведува воспитно-образовна настава. Што се однесува до водителите, меѓу кои и Драгица Хаџијска беше барам да биде исто така суспендирана од вршење воспитно-образовна работа и казнета материјално.*

Потпис:
Гале Никовски

ДРАГИЦА: *(Крева рака.)* Барам збор, директорке?

СОФИЈА: Повели!

ДРАГИЦА: *(Станува и налутено кон Гале.)* Уште еден бол од бол! Како можеш вакво нешто да напишеш и јавно се чита пред целиот колектив? Благодарение на мојот одлучувачки глас во Комисијата за именување и поставување на директор, ти стана директор пред осум години, се сеќаваш?

ГАЛЕ: *(Молчи.)*

ДРАГИЦА: *(Продолжува налутено.)* Со години сум трн во окото на многумина, затоа што го дадов гласот за тебе, а ти со намера, да ме исфрлиш од работа!

ГАЛЕ: *(Од место.)* Секој треба да сноси своја одговорност!

ДРАГИЦА: Ист подмолник си каков што беше во средношколските години. Ти ги организираше соучениците да бегат, потоа, скришум само ти останувате на час, обвинувајќи ги другите пред предметните професори со зборовите: „Ете, избегаа, тие не го сакаат вашиот предмет, а јас го сакам." Тоа го правеше само да добиеш преодна оценка! Бевме во ист клас, нели?

ГАЛЕ: *(Подбивно.)* Како што гледам пријатно се сеќаваш на лудите години. Верувам дека сум ви бил идол со пријатни спомени. Штета, не сте имале среќа со мене.

ДРАГИЦА: *(Нагласено.)* Јас да сум фрлила око на тебе? Во никој случај. Да се вратам на екскурзијата.Пред сè, директорката воопшто не е виновна. Училиштето не беше организатор на екскурзијата, туку агенцијата „Свет", чиј водич бев и јас. На мое лично барање добив неплатен одмор за да бидам водич. *(Го вади од џебот барањето.)* Еве го барањето што го поднесов до Советот на училиштето и директорката Таневска не треба да се обвинува за тој несакан трагичен настан. Тоа се само клевети против мене и директорката за која немате точни информации. *(Го става барањето в џеб.)*

ГАЛЕ: *(Од место.)* Тоа барање може да било поднесено пред некој ден!

ДРАГИЦА: Пред некој ден?

ГАЛЕ: Да.

ДРАГИЦА: Вакво нешто само ти можеш да направиш, а не јас со мојата чиста совест. Во мојата душа нема место за измами и недоверби. Далеку си од моето човекољубие. Се прашувам, каква душа имаш за да искористуваш едно трагично мистериозно убиство за сопствени, слободно да речам, болни цели?
ГАЛЕ: *(Од место.)* Никакви сопствени цели, а најмалку болни! Тоа убиство остави вечна тага во неговата фамилија, вечна тага меѓу соучениците и другарите и вечна тага и црна дамка во нашето училиште! Зарем ти имаш чувство за сочувство?
ДРАГИЦА: Јас имам, но ти немаш! *(Со насолзени очи.)* Таа ноќ, колешки и колеги, кога ја проверив отсутноста и кога го немаше него, како црна земја да ме проголта, ме облеа студена пот и занемев пред совеста. А кога слушнав за мистериозната смрт, подобро јас да бев, отколку тој сакан ученик. До ден денеска, неможам да го преболам тој трагичен настан и дури во сон стрепам.
ГАЛЕ: (*Од место.*) Море ќе стрепиш и до смртта, виновна си и соучесник во убиство. Кривично треба да одговараш. И уште си во овој колектив!
СОФИЈА: Како можеш вака да зборуваш за една колешка што работи тука 15 години? Сите ја познаваме Драгица како трудољубива професорка и секогаш стои на страна на учениците во објективна смисла на зборот. И учениците ја по-

читуват и ја сакат. Како можеш вакво нешто да речеш за колешката Драгица?

ГАЛЕ: (*Налутено.*) Можам! Да е твое дете, којзнае што ќе направиш?!

СОФИЈА: (*Напажено.*) Не дај Боже, чие дете било да е.

ДРАГИЦА: (*Со насолзени очи.*) Не знам како тој ученик скришум се оттргнал таа ноќ и некаде заскитал? Подоцна полицијата ни јави за мистериозното загинување. Верувајте ми се грижев за нив како за мои деца, но ете и тоа се случи. Не знам... Не знам, како се случи.

ГАЛЕ: (*Дофрлува.*) Гајле ти е! Па и солзи рониш! А утре ќе се смееш. Прашај ги родителите каква празнина и непребол трпат во своите души. Ти си една од виновниците за тоа убиство!

СОФИЈА: Како можеш да обвинуваш колешка што е толку добродушна?

ГАЛЕ: Можам! Другари беа со син ми и од таа смрт моето дете не може да се соземе.

ДРАГИЦА: Како ти дозволува совеста злонамерно да го искористуваш случајот за да бидеш по третпат директор. Ти треба да бидеш земен на одговорност што го злоупотребуваш овој тагичен настан. Си испланирал игра измама.

ГАЛЕ: Никаква игра измама. Вистината ја кажувам. Ако си свесна сама ќе си одиш од оваа училиште. Ти пречи дури и протестниот поднесок.

ДРАГИЦА: (*Малку поохрабрено.*) Зад тој поднесок се крие злонамера со замаскирани омрази и измами што еден ден ќе ти се светат.

ГАЛЕ: А вашето искажување пропратено со солзи беше само снаодлива игра да ги заслепиш присутните. Нема да се извлечеш од трагедијата!
ДРАГИЦА: А ти мислиш ќе извлечеш недоверба од присутните? Се лажеш! Мене ме познава овој колектив и верувам во подршка. *(Седнува)*
ГАЛЕ: Барам виновниците да се казнат.

*(Тишина.)*

ДАМЈАН: Поднесокот од колегата Никовски во врска со трагичниот случај на екскурзијата провоцира анимозитет! И се разбира отвара сомнеж врз некаква лична одмазда.
ЕМИЛ: Значи ли тоа дека професорката Драгица Хаџијска, инаку водич на трагичната екскурзија ја има вашата подршка?!
ДАМЈАН: Да!
ЕМИЛ: *(Иронично)* Навистина сум запрепастен... Да, да! Запрепастен... или... или ако сакате разочаран *(Со рака кон Дамјан)* Да, да почитуван колега Груевски! Се разбира, во вас и од вас! А замислете... До пред само неколку секунди... Вие бевте единствената личност дотојна за почит и восхит!
ДРАГИЦА: А јас пак... Ве уверувам дека ваквата констатација е и единствената вистина со која најголемиот број членови од колективот стоиме на истото мисловно скалило!
ЕМИЛ: *(Иронично)* Ех! Да, да, колешке Хаџијска! Во најголемиот број случаи е така! Да, да се разбиар! Но, не и во вашиот случај колешке

Хаџијска. Во случајов што го нагласувам колегата Дамјан Грусвски толкува ролја на изнајмен адвокат чија целна обврска е несомнено срамната одбрана на виновникот. *(Приближувајќи се сосем до Дамјан)* Жалам... навистина жалам... Ваквите случаи... страшно ме разочаруваат и растажуваат! Ме пробудивте од длабокиот сон наречен верба во експлицитни личности! Ви благодарам што ми помогнавте да го намалам за една личност и без тоа малиот список на колеги достојни за почит! Да, да адвокату залегнат во ровот на измамата и срамот!

ДАМЈАН: Никаков изнајмен адвокат! Поддржувам сѐ дури надлежните органи не излезат со официјален обвинувачки став, за мене колешката Хаџијска е невина!

ЕМИЛ: (*Иронично)* Дури и во случај со еден загубен млад живот закачен врз совеста?

ДАМЈАН: Реков: сѐ дури не се потврди спротивното, јас верувам во невиноста на колешката Хаџијска!

СИЛВАНА: Јас не гледам што би требало да докажат, како што велите Вие, надлежните органи...

ПАВЛЕ: *(Со надоврзување)* Изведуваме екскурзија... имаме водич на учениците екскурзијанти... ни се случува трагедија во која поради негрижа на водачот-професор згаснува еден млад живот...

ЕМИЛ: *(Со надоврзување)* И... сѐ е јасно! И жртвата и виновникот се познати! И нема што

уште да се утврдува! Според мене... недоволната посветеност од колешката Хаџијска...

ДАМЈАН: Тоа... Да причекаме одговорот да го дадат официјалните органи почитувани колеги! А вие... Вие млад колега... што подразбирате под " недоволна посветеност од..."

ПАВЛЕ: Хм! Барем тоа е јасно колега Груевски! Колку што ми е познато Вие како најискусен во училиштето имате изведено стотина екскурзии и секако не треба да ви објаснувам кои се основните должности на водачот на екскурзиите!

ДАМЈАН: Знаејќи дека и вие сте биле неколкупати со екскурзијанти ќе Ве замолам... објаснете ми што подразбирате под " недоволната посветеност од колешката Хаџијска..."

ПАВЛЕ: Па нормално... постојано дружење со учениците па дури и контрола и будност пред спиење!

ДАМЈАН: И? Вам почитуван колега... колкупати Ви се има случено највнимателно да ги легнете в кревет сите, а при подоцнежната контрола, сепак да констатирате дека неколкумина крадешкум излегле од хотелот?

ПАВЛЕ: Хм! Да! Тоа да! Повеќепати ми се има случено!

ДАМЈАН: И? Што презвемавте?

ПАВЛЕ: Што би можел да сторам друго освен цела ноќ бессонен да чекам на нивното враќање!

ДАМЈАН: И што ако меѓувреме некому од тие ученици... му се случеше истото и на ученикот Ѓорги Делиевски?
ПАВЛЕ: Па... Што би можел да сторам освен да го пријавам отсуството на рецепција и во полицијата?!
ДАМЈАН: Значи истото што и таа веќе го сторила!
ЕМИЛ: Да! Меѓутоа и самиот факт што дотичниот ученик е познат како наркозависник... требало да и биде доволна причина за зголемена будност!
ДАМЈАН: Вам колега Огненовски минатата година Ви побегнаа петмина од хотелот!
ЕМИЛ: Да! Но...
ДАМЈАН: Никому не му се случи никакво зло! Тоа сакавте да речете?
ЕМИЛ: Да!
ДАМЈАН: Но нели можеше да се случи?
ЕМИЛ: Да!
ДАМЈАН: И што ќе сторевте вие?
ЕМИЛ: Па... Истото што и колешката Хаџијска! Ќе пријавев и ќе чекав?
ДАМЈАН: Значи... разликата е во тоа што не ви се случи Вам, туку нејзе и... секако што таа и мажот ѝ не припаѓаат на булументата на чиј лидер и ги имате Вие и сличните на Вас продадено сопствената чест и... достоинство!
СРЕБРА: *(Иронично)* Кога веќе говорете за некаква булумента... И се разбира продадена чест

и достоинство... Вие почитуван колега Дамјан... Кому му ги имате продадено Вашата чест и достоинство?
ДАМЈАН: Макар што мојот став е секому му е познат... сепак. Ќе Ви одговорам млада колешке. Мене многумина за моиве шеесетина години се обидувале да ме продадат, но никој ниту успеал ниту пак некому ќе успее да ме купи!
СРЕБРА: А јас пак, сепак би рекла дека Вашиот углед и Вашата чест се бесповратно положени во правта во која се отсликуваат нечистата совест *(Кон Драгица)* на оваа госпоѓа и нечистите траги од директорувањето на оваа *(Кон Софија)* самобендисана манипулантка чие најзначајно директорско ремек дело е безнадежниот раскол што го парчосува колективот!
СИЛВАНА: Да, да! Беспоговорна констатација! А јас... јас би додала дека оваа *(Кон Софија)* Да, да... обете... обете се подеднакво виновни за трагичната судбина на младото момче!
ДАМЈАН: *(Смирено и нагласено)* На Ваше место јас... пред да одговорам неколкупати би ги преиспитал необуздано збуените мисли!
СИЛВАНА: *(Гневно)* Вие ли? .. Ве знам јас... Ехе!.. Убаво... премногу убаво и доволно одамна Ве знам господине Груевски! Можеби за некои од помладиве сте олицетворение на сериозност и чеситост... но мене... мене ми се познати многу валкани етапи од Вашиот животен временплов! Да, да многу нешта... а особено пак тоа што овие две *(Кон Софија и Драгица)* отсекогаш биле ексклузивитет на Вашата почит и

восхит! Да, бевте помлад... можеби ваквата заблуда ќе ја оправдував со евентуална можна таинствена вљубеност...

ДАМЈАН: *(И понатаму смирено)* Ви простувам млада колешке... и... веднаш ќе ве посоветувам... Не дозволувајте ѝ на омразата толку безгранично да загосподари со вашето срце! Потрудете се да го контролирате вашиот гнев!

ПАВЛЕ: Ме разочарувате господине Груевски! Дури сега разоткривам дека оној секогаш смирен лик што така долго за мене значеше неспоредливо извориште на мудрост и искреност... дека сето тоа било само фасада од куќата престорена во осило од подлости! Како можете така дрско и вулгарно да станете апологет на непобитни злосторници?!

ДАМЈАН: Простете колега... но јас не гледам меѓу нас ниеден злосторник!

ПАВЛЕ: (*Гневно)* А овие? А? Што се овие? Не се злосторници? Тогаш чија е вината за трагедијата? Разберете човеку... се работи за еден млад... сосем прерано згаснат живот за кого токму овие две се главните причини! Оваа како организатор на екскурзијата... а оваа *(Кон Драгица)* како водач!

ДАМЈАН: Грешите колега Стојковски! Навистина мразам да се повторувам во прашањата, ама чинам во случајов е неопходно. Не заборавете што рековте пред малку колега Стојковски! А ако внимателно ги следевте и одговорите од колегата Емил Огненовски...

ПАВЛЕ: Да, па што?

ДАМЈАН: Чувте што рече? Чувте дека во тие критични мигови... од се она што таа сторила и самиот не би можел повеќе да стори?! Се разбира освен ако вие не мислете дека е можело да се стори и нешто повеќе!
ПАВЛЕ: В ред! Да речеме... оваа *(Кон Драгица)* не е виновна! Но оваа... *(Кон Софија)* оваа мора на суд! И покрај донесената официјална одлука нашето училиште да не изведува екскурзии во странство... *(Кон Дамјан)* Одлучивме екскурзиите од нашето училиште да имаат специфика на опстојно запознавање на културните и природни вредности на татковината?..
ДАМЈАН: Да!
ПАВЛЕ: Тогаш... како смеела да премине неодговорно преку таа одлука и да одобри екскурзија во Лондон?
ДРАГИЦА: Таа не ја прегази одлуката за изведување на екскурзијата. Организатор беше агенцијата "Свет", не училиштето, како доказ е барањето што го поднесов да бидам водич!
ПАВЛЕ: Тоа е сплетена игра да се заташка тоа убиство!
ДРАГИЦА: Не, колега не!
СРЕБРА: Па... веројатно... веројатно некој дебело им се заблагодарил!
ДАМЈАН: Грешите! Многу грешите луѓе! Реков и ќе повторам: Не дозволувајте омразата толку безгранично да загосподари со вашиот ум! Потрудете се со вистината да ги победите кобењето и гревот!

ГАЛЕ: Простете, професоре Груевски... И покрај сета бескрајна почит што кон вас отсекогаш ја имам... овојпат морам... навистина морам да Ви речам дека сте во заблуда! По се изгледа Вашата наивност Ве прави немоќен да ги истолкувате и проанализирате случувањата и трагедијава во кои без да сакаме сите сме повеќе или помалку случајни соучесници!

СИЛВАНА: Небаре го омаѓосале вештеркиве!

ПАВЛЕ: За жал...

ДАМЈАН: Соучесници? Во што соучесници колега Никовски?

ГАЛЕ: Во што? Та цело време зборуваме за тоа човеку! Ако веќе најдеме некакво оправдување за колешката Хаџијска... Така де, да речеме навистина сторила, за да се избегне најлошото, ама... Но, како ќе ја оправдаме несовесноста и неодговорноста на оваа... *(Кон Софија)*

СИЛВАНА: Замислете... самоволно си дозволила да се суспендира регуларно донесена одлука од колективот за неизведување на ученички екскурзии во странство и...

ГАЛЕ: И токму таа дрскост... токму таа крајна неодговорност... за жал почитувани мои колеги и пријатели... *(Посебно развлечено и нагласено)* однесе еден невин детски живот! За секогаш уништи една неука забревтана младост... засекогаш згасна искра која штотуку почнува да трепери од море мечти и копнежи...

СОФИЈА: Одлуките секогаш ги почитувам и спроведувам, во случајов организатор беше агенцијата “Свет”! Не јас!

ЕМИЛ: Текот на времето ќе ги демаскира вашите скована меѓусебни договори што, тешко ми паѓа на срце да ја спомнам колешката Хаџијска, но и на интригите им има крај - крај на расветлување на тоа убиство од страна на истражните органи.
ДАМЈАН: Колега Никовски... Ве молам... Како што согледувам ниеден од тука присутните не одобрил некаква екскурзија!
ГАЛЕ: Ве сожалувам... Навистина Ве сожалувам колега Груевски *(Низ гнев)* Таа!.. Таа!.. Да, да токму таа колега Груевски!
ДАЈАН: *(Низ смев)* Се лажете... Почитуван колега Никовски... се лажете! Одлуката за која говорите е во се најдослено испочитувана!
ПАВЛЕ: А екскурзијата? Кој...
ДАМЈАН: *(Влегувајќи му во зборот)* Екскурзијата ја организираше и изведуваше Туристичката агенција "Свет", како што и веќе слушнавте!
ПАВЛЕ: *(Зачудено)* Значи ли тоа дека оваа не е...
ДАМЈАН: Да! Не е виновна! И... Ве молам... не заборавајте дека "оваа" не е "оваа", туку директор на престижното метрополско средно училиште "Војвода Карпош"! Чинам барем Вас не треба да Ве потсетувам на некои неодминливи етички вредности! Директор почитуван колега Никовски... "оваа" учтива, трудољубива и беспрекорна колешка е директор на "Војвода Карпош"... Што? Зар заборави колега Никовски? Па таа е "оваа" што за две години директорува-

ње стори толку колку што Вие не сторивте за осум!

ГАЛЕ: А-ха, а-ха! Така а! О, проклет да сум што слепо верував дека зад тоа бабосано лице и пожолтени мустачиња постои човекот кому можам и срцето да му го доверам на чување! А тој против мене.

ДАМЈАН: Не сум против тебе, ја согледувам состојбата вистински.

СОФИЈА: Ве молам, за оваа мистериозно убиство има истражно тело што го истражува случајот и мислам дека нема потреба да се задржуваме подолго на таа точка. Жалам, навистина, но ете и тоа се случи.

ГАЛЕ: *(Кон сите.)* Како нема да се задржиме подолго? Ајде, колсшки и колеги, дискутирајте и понатаму по овој немил трагичен настан! Треба да ги казниме виновниците. Што чекате?*(Шепотење.Тишина)* Јавете се за дискусија!.. *(Нема дискусија)*

СОФИЈА: Жално е тоа што го бараш од присутните.

ДИМИТАР: *(Крева рака.)* За збор?

СОФИЈА: Дали е за трагичниот настан?

ДИМИТАР: Не.

СОФИЈА: Повели!

ДИМИТАР: Колешки и колеги, сакам да ви кажам што мене ми се случи една ноќ.

*(Тишина.)*

СОФИЈА: Повели!

ДИМИТАР: *(Станува.)* Една вечер чистев до доцна бидејќи имав повеќе училници од другите хигиеничари. Одеднаш забележав дека кабинетот по информатика свети. Тоа беше невообичаено. Крадешкум се качив горе и што ќе видам. Новиот чуварот ги изнесуваше компјутерите надвор во неговата кола. Му пријдов и го прашав: „Што правиш?" Тој ми одговори: „ По наредба на директорот Гале, ги фрлам стари се, но еден и за тебе ќе има." Ете, тоа ми се случи таа ноќ. Тогаш Гале беше директор. *(Седнува)*
ГАЛЕ: *(Протестно од место)* На секој што ке му текне тоа зборува! Зарем тоа е некаков дневен ред?
СОФИЈА: *(Смирено.)* Сè уште сме на втората точка, според тоа, секој има право да го искаже своето мислење .
СЛАВЕ: *(Крева рака.)* За збор?
СОФИЈА: Повели!
СЛАВЕ: *(Од место)* Тоа е вистинска кражба!
ГАЛЕ: *(Од место.)* Да објаснам, да објаснам...
СОФИЈА: Повели!
ГАЛЕ: *(Станува и се смее.)* А-ха, а-ха, а-ха... Компјутерите? Па, тие беа стари и изработени, па си реков - што ќе ги фрлам како отпад, подобро е да ги дадам на некои колешки или колеги и бидам корисен добротвор, и така се случи. Не се вознемирувајте ќе бидам дарежлив кон сите ако станам по третпат директор. Кога новите компјутери ќе остарат ќе ви дадам на сите по еден, само поддржете ме да станам директор.

СЛАВЕ: *(Од месшо)* Начинот на кој чуварот ги изнел е вистинска кражба!
ГАЛЕ: А што мислиш да го оставам чуварот да лежи? Ништо да работи? Јас работа, работа барам! А не како оваа директорка се залепила за фотелјата како фластер. Како јас бев агилен? И таа треба да биде како мене!
СОФИЈА: Да бидам како тебе?
ГАЛЕ: А што мислиш? *(Седнува.)*
СИЛВАНА: *(Бара збор.)* За збор?
СОФИЈА: Повели!
СИЛВАНА: *(Сшанува.)* Гледате колку добрина извира од нашиот директор, неупотребливото знае да го искористи за сечија наша корист. Ве молам, да го оставиме човекот на мир и извлечеме нешто позитивно од него. Тој е пример како треба да се работи и е огледало за сите нас. Погледнете го, имаме вистински Божји дар во нашиот колектив.
СОФИЈА: Дали е тоа случај и пример за заедничко добро?
СИЛВАНА: Да. Ти само можеш да клечиш на колена пред неговата способност. Кога тој човек ни дарува треба да сме благодарни. Се извинувам... *(Излегува од канцеларијаша.)*
СОФИЈА: Колешки и колеги, начинот на кој се изнесени компјутерите и на кого се дадени е типичен пример на незаконитост и за тоа ќе стане збор на друг состанок, а може и на друго место.
ГАЛЕ: *(Од месшо)* Било каде да стане, место на ѓубре подобро меѓу нас. Јас мислам за овој колектив.

ДРАГИЦА: *(Крева рака.)* За збор?
СОФИЈА: Повели!
ДРАГИЦА: *(Станува.)* Колешки и колеги, предавам информатика, компјутерите не беа толку стари да се отстранат како старо ѓубре.
ГАЛЕ: *(Налутено.)* Како не беа? Нели си задоволна што ти купив нови? Кога ќе остареат и тебе ќе ти подарам еден!
ДРАГИЦА: Благодарам, никогаш нема да си дозволам вакво нешто.
ГАЛЕ: Молам!
СОФИЈА: Имате ли уште нешто, колешке?
ДРАГИЦА: Не. *(Седнува.)*
СОФИЈА: Колешки и колеги, вакво сувопарно искажување не му е првпат на поранешниот директор.
СЛАВЕ: *(Гласно.)* Оваа е начин на криминално однесување!
ДИМИТАР: *(Револтирано.)* Да, така е! Ги снабдува своите на недозволен начин! Пријава против него!
СИЛВАНА: *(Влегува трчајќи радосно кон Гале.)* Директоре! Директоре! Стигна телеграма! Од министерот, од министерот! Еве ја, еве!
ГАЛЕ: *(Ја зема.)*
СОФИЈА: *(Кон Силвана)* Јас сум директорка. Телеграмата требаше мене да ми ја дадеш.
СИЛВАНА: Тебе ќе ти ја дадам!? Прочитај ја директоре да слушнат сите.
ГАЛЕ: *(Ја чита.)*

*Министерот за образование и наука Дане Новаковски ја разрешува директорката*

*Софија Таневска, од местото директор, како неподобна личност и место неа го назначува поранешниот директор Гале Никовски за директор на средното училиште „Војвода Карпош" од Скопје.*

Потпис
Дане Новаковски.

СЛАВЕ: *(Со изненадување.)* Како е ова можно?! Толку брзо најспособната директорка да се смени?

ДРАГИЦА: *(Додавајќи.)* А итрецот да се врати...

ГАЛЕ: *(Со арогантна смеа кон Софија и ставајќи ја телеграмата в џеб.)* А-ха-ха-ха... Клучевите!

СОФИЈА: *(Занемено молчи.)*

ГАЛЕ: *(Погласно.)* Клучевите! Клучевите од канцеларијата, од мојата фотелја!

СОФИЈА: *(Без збор, ги вади од џебот и му ги дава.)*

ГАЛЕ: *(Ги зема.)* Така, сега нашите горе, нејзините долу! *(Приврзаниците на Гале весело ракоплескаат.)*

СОФИЈА: *(Тивко настрана.)* Јас немам мои. За мене сите се еднакви.

*(Во тој миг влегуваат двајца инспектори. Тишина)*

ПРВИОТ ИНСПЕКТОР: *(Покажувајќи ја легитимацијата)* Инспектор Ангел Ангелковски и мојот почитуван колега Јован Јаневски! Простете нема да Ви пречиме за долго!

ГАЛЕ: *(Весело)* Повелете, повелете господа инспектори!
ВТОРИОТ ИНСПЕКТОР: *(Обгледувајќи ги сите, кон Гале)* Господин Гале Никовски?
ГАЛЕ: Јас...
ПРВИОТ ИНСПЕКТОР: Госпоѓа Силвана Цикарска?
СИЛВАНА: Госпоѓица Цикарска!
ПРВИОТ ИНСПЕКТОР: Оф, простете! Госпоѓице Силвана Цикарска! Вие сте?
СИЛВАНА: Да! Со што можам да Ви помогнам?
ПРВИОТ ИНСПЕКТОР: Па... со тоа што без противење ќе појдете со нас! И Вие господине Никовски!
ГАЛЕ: *(Збунето)* како? Што? Ве молам не Ве разбирам!
ВТОРИОТ ИНСПЕКТОР: Господине Никовски... госпоѓица Цикарска... ги знаете ли своите права... или има потреба ние да Ви ги кажеме! Кај основано сомнение за сторени кривични дела злоупотреба на службената положба и фалсификување на службените списи, појдете со нас!
ГАЛЕ: Што е? Што се случува господа инспектори? Грешите, грешите гопода! Јас... јас навистина не очекував...
СОФИЈА: Не! Не грешат колега Никовски! Ти можеби не очекуваше, но следејќи го твоето работење, јас, јас, очекував да се случи ова! Да, да колега Никовски, еден ден мораше да се случи. Но... се надевам ќе имаш таму доволно време да

размислуваш за сѐ. Ах, да, и Вие и Вие госпоѓице Силвана... Веројатно ресоцијализирани утре или задутре со поинаков разум ќе ја мерите тежината на случувањата, кои, сепак не морале да останат болни спомени од катадениците на минатото!
СИЛВАНА: *(Заканувачки йоаѓајќи кон неа)* Ти... Ќе се вратам јас проклетнице. Но тогаш... тогаш...
ПРВИОТ ИНСПЕКТОР: Смирете се госпоѓице! Да одиме...
ВТОРИОТ ИНСПЕКТОР: Господине Никовски... По нив!.. *(Излеѓуваай од сценайа)*
СЛАВЕ: *(Кон Софија)* Па госпоѓа Таневска... по се како што изгледа, сакале или не оние одозгора мора да ја изменат одлуката за директор. Се надевам овој пат довербата ќе ја има вистинскиот човек повторно.
СОФИЈА: Алудирате на мене?
СЛАВЕ: Да бидам искрен... јас и не гледам друг кој го носи со успех товарот на дигнитетот на "Војвода Карпош"!
ДАМЈАН, ДРАГИЦА, ДИМИТАР И СЛАВЕ: *(Сйануваай и одаай кај Софија.)* Да! Секако! Секако!
ДАМЈАН: *(Кон Павле, Сребра и Емил)* А Вие... внимавајте кому утре или задутре повторно ќе му ги доверите на, честопати, бесповратен кредит својата чест, углед, авторитет и достоинство.

*(Зайемнување на сценайа.)*

# *ЧИН ТРЕТИ*

## ВО СУДНИЦАТА

*Напред во просторијата за судење се наоѓа биро за судијата. Од неговата десна страна има маса за дактилографката со пишувачка машина на неа. Од неговата лева страна на ѕидот се наоѓаат прозорци, а наспроти нив ѕид со влезна врата. На одредена оддалеченост од бирото на судијата се наоѓаат столови за седење. Влегува дактилографката со актовка в рака што ја остава на нејзината маса и се упатува кон прозорците, ги отвара и се прошетува низ слободниот простор. Влегува судијата со чанта в рака.*

СУДИЈАТА: Добро утро!
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Добро утро!
СУДИЈАТА: На време, како и вообичаено.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Да. Точноста е дел од мојата рутинска работа.
СУДИЈАТА: Убаво, така и треба. *(Ја става чантата на бирото и погледнува кон прозорците.)* Веќе сте ги отвориле...
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Да. Утринскиот чист воздух да ја освежи судницата.
СУДИЈАТА: Прекрасно. Прекрасно. Ќе почнеме ли со работа?

ДАКТИЛОГРАФКАТА: Да, се разбира, штом вие ќе речете.
СУДИЈАТА: (*Седнува на својот стол.*) Повикај ги странките од првиот случај! (*Ги вади тужбите од чантата и ги става врз масата.*)
ДАКТИЛОГРАФКАТА: (*Вади список од актовката, оди кон вратата, ја отворува и ги повикува.*) Димитар Божијанов?
ДИМИТАР: (*Влегувајќи и застанувајќи настрана.*) Да. Јас сум.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Видра Никовска и Гале Никовски?
ВИДРА: (*Влегувајќи.*) Да.
ГАЛЕ: (*Влегувајќи.*) Да. Ние сме.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Повелете седнете на првиот ред! (*Видра и Гале седнуваат во близина на прозорците, а Димитар на истиот ред понастрана. Дактилографката оди на своето место, седнува и се спрема за пишување.*)
СУДИЈАТА: (*Кон дактилографката.*) Почнуваме!
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Да, господине судија!
СУДИЈАТА: (*Кон Димитар, Видра и Гале*) Да Ве потсетам на тужбата, иако ја знаете (*Ја чита.*) Димитар Божијанов, вработен во ДСТТУ „Војвода Карпош" во Скопје, на работно место хигиеничар, со стан на улица Планинска, бр. 5, Скопје. Тужени: Гале Никовски, директор во ДСТТУ „Војвода Карпош", - Скопје и Видра Никовска, глумица во Народен театар - Скопје, со стан на улица „Горска" бр. 15, Скопје. Предмет: Дадени 500.000 денари на ден 05.12.1997

ОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИО СТРУМИЦА

година, на заем од лицето Димитар Божијанов на лицата Гале Никовски и Видра Никовска и истите да бидат вратени во рок од една година. Со оглед на тешката економска и финансиска положба на мојата фамилија што е доведена до работ на егзистенцијата барам судот да донесе пресуда против несовесното однесување на тужените кои парите, сè уште, не ги вратиле во договорениот рок. Сведок: Видра Никовска. (*Се обраќа кон странките.*) Тужителот?

ДИМИТАР: Јас.

СУДИЈАТА: А тужените?

ГАЛЕ: Јас.

ВИДРА: И јас.

СУДИЈАТА: Сопруг и сопруга?

ГАЛЕ: Да.

ВИДРА: Да.

СУДИЈАТА: (*Кон Димитар.*) Дали ти Димитар Божијанов, навистина им имаш позајмено пари на тужените?

ДИМИТАР: (*Нагласено.*) Да. Им позајмив, кога тој беше директор.

ГАЛЕ: (*Се вмешува.*) И сега сум ти директор, не заборавај?

СУДИЈАТА: Ќе ве молам не се вмешувајте!

ГАЛЕ: Да, да.

СУДИЈАТА: Колку пари му даде на заем?

ДИМИТАР: 500.000 денари заштедени пари кога работев во Германија. Му ги позајмив како на директор во кого имав доверба.

СУДИЈАТА: И што се случи?

ДИМИТАР: Не ми ги враќа.
СУДИЈАТА: Благодарам! (*Кон Гале.*) Дали ти тужениот, навистина позајми 500 000 денари од тужителот Димитар Божијанов?
ГАЛЕ: (*Со потсмев.*) Какви позајмени пари, господине судија? Ниту сум позајмил, ниту сум зел!
ДИМИТАР: *(Брзо рипнува од место.)* Не си позајмил?! Не си зел?!
СУДИЈАТА: *(Гласно.)* Молк! Судницата не е улица така да скокаш!
ДИМИТАР: *(Седнува)*
СУДИЈАТА: Продолжете, господине Никовски.
ГАЛЕ: Тој измислува, господине судија, тој има намера да ја омаловажи мојата авторитетна личност како директор по третпат поставен, благодарение на мојата способност.
СУДИЈАТА: Дали ти како тужен го познаваш тужителот?
ГАЛЕ: (*Со презир.*) Како да не? Го познавам. Тој е хигиеничар во мосто училиште. И...
ДИМИТАР: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
ДИМИТАР: Училиштето не е негово.
СУДИЈАТА: Се разбира, дека не е.
ДИМИТАР: Кажува како да е.
СУДИЈАТА: Благодарам! Продолжи, господине Никовски...
ГАЛЕ: И се прашувам како може една личност како него да ме тужи?

СУДИЈАТА: Како мислите?
ГАЛЕ: Па, тој е хигиеничар кому работата не му лежи на срце и е поттикнат од поранешната директорка за да ме компромитира во јавноста.
СУДИЈАТА: Имате ли нешто да додадете?
ГАЛЕ: Не, за сега.
СУДИЈАТА: Ти како тужител имаш ли нешто да речеш во одбрана?
ДИМИТАР: Да, се разбира. Спротивно од неговото кажување работата си ја сакам и совесно ја извршувам. Никој не ме поттикнал злонамерно да го тужам, туку тој самиот ме присили затоа што не ми ги враќа парите, како што се договоривме. Се прашувам, зарем е можно човек на директорска функција да одрекнува дека зел пари од мене? Јас сум хигиеничар, но не сум подлец како него.
ГАЛЕ: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
ГАЛЕ: (*Протестно.*) Почитуван судија, верувам дека во овој суд нема место за навреди и грубости, ме нарече подлец!
СУДИЈАТА: Сигурно. Искажувањето да биде без навреди Божијанов!
ДИМИТАР: *(Климнува со главата потврдувајќи)*
ГАЛЕ: Го молам тужителот да не ме навредува!
СУДИЈАТА: (*Кон Димитар.*) Ве молам без навреди!
ДИМИТАР: А тој што одрекнува, нели ме навредува?

СУДИЈАТА: Штом си му дал толку пари, имаш ли некој документ да го потврдиш тоа?
ДИМИТАР: Не.
СУДИЈАТА: Тогаш со какво право тужиш?
ДИМИТАР: Со какво право?
СУДИЈАТА: Да. Вака може секој да тужи, тенденциозно и злонамерно.
ДИМИТАР: Може, но јас не. Грижата на совеста не ми дозволува да и служам на лагата.
СУДИЈАТА: Господине Божијанов, вистината треба да се поткрепи со факти. Во тужбата имаш наведено сведок, кој ти е?
ДИМИТАР: Сопругата на тужениот.
СУДИЈАТА: Сопругата на тужениот?
ДИМИТАР: Да, неговата сопруга.
СУДИЈАТА: Зарем не е чудно? Ве молам?
ДИМИТАР: За мене не! Таа беше присутна кога му ги дадов!
СУДИЈАТА: Што мислиш како ќе сведочи?
ДИМИТАР: Треба да ја каже вистината.
СУДИЈАТА: Штом е така, да видиме како ќе сведочи. (*Се обраќа кон Видра.*) Госпоѓа Никовска, дали тужителот Димитар Божијанов, во ваше присуство, на вашиот сопруг му даде 500.000 денари?
ВИДРА: (*Со изненадување.*) Какви 500.000 денари? Какви лаги? Тој сака да го компромитира мојот сопруг, Гале! Тоа е смислен чин да ја навреди честа и угледот на мојот сопруг! Откако стана директор, по трепат, што ли нема да измислат да го нападнат најблагородниот човек

во колективот! Таа тужба се заснива на организиран и смислен напад од поранешната директорка што не заслужува да ѝ го спомнам името. Гале ми кажуваше дека тужителот е провокатор и шпионира за поранешната директорка, но времето покажа дека на Галевата способност никој не може да ѝ одолее. Тој си е миленик во колективот.

ДИМИТАР: Приговор!

СУДИЈАТА: Да.

ДИМИТАР: Се прашувам дали еден ден ќе се наситат со нивните измами? Но знам нејзиното лажно сведочење еден ден ќе одекне гневно во нејзиното злобно срце. Во состојба се и моиве суви коски да ми ги проголтат.

ВИДРА: Приговор!

СУДИЈАТА: Да.

ВИДРА: Без навреди од тужителот!

ДИМИТАР: (*Налутено.*) А како ти ме навредуваш со неверодостојно сведочење?!

СУДИЈАТА: *(Гласно.)* Молк! Молк! Доволно беше искажувањето на сведокот. За сите постапката е завршена.

ДИМИТАР: (*Со чудење.)* Завршена?

СУДИЈАТА: Да.

ВИДРА: Сакаш цел ден да му досадуваш на судијата, како што му досадуваш на Гале во училиштето?

СУДИЈАТА: *(Кон Видра.)* Ќе ве молам!. Ќе Ве молам!.. Без дообјаснување.

ВИДРА: Да, господине судија.

СУДИЈАТА: Еве ја пресудата: *(Станува)* Ве молам станете. (*Сите стануваат.)* Врз основа на утврдената фактичка состојба во редовна постапка при одлучувањето, Судот тргнува од тоа што не се наведени поконкретни докази од тужителот Димитар Божијанов и со оглед на неговото искажување што е неосновано и правно неиздржливо и со оглед на изнесеното и сведочењето на сведокот се заклучува дека Судот недвосмислено и категорички ја отфра тужбата на тужителот Димитар Божијанов, затоа што не постои законски склучен договор за заем помеѓу странките. (*Видра и Гале задоволни се бакнуваат.)*

ДИМИТАР: (*Оди кон судијата сериозно.)* Зарем судниот час дојде чесноста да падне пред судот?

СУДИЈАТА: Можеш ли да сфатиш дека тука треба потврдени вистини од сведок и факти?

ДИМИТАР: А човештини?

СУДИЈАТА: *(Со нагласок.)* Потврдени вистини и факти господине Божијанов!

ДИМИТАР: (*Се фаќа за глава и оди кон Гале.*) Зарем мојата праведност да се збратими со лагата? Се направи газда на моите пари! Ме опљачка на мое чесно верување. Првпат доаѓам на суд и вашите одрекнувања ми зададоа тешка болка во мојата чиста божја душа. Ако некогаш умрам, да умрам со чиста душа... И... чувствувам како смртта демне над твојата лага и ќе те земе во својот црн прерграб. Отсекогаш лагата ми била одвратна, а вистината толку драга и мила. Не

верував дека меѓу луѓето постоел ваков ѕвер. Треперењето на моиве усни ја зборуваат вистината за моиве тешко заработени пари што ми се толку потребни за мојот сегашен беден стандард.

ГАЛЕ: (*Нагласено.*) Сè што е во тужбата е измислица! Сè отфрлам како навреда на честа.

ВИДРА: (*Додава.*) И мојата...

ДИМИТАР: (*Со кренати тупаници кон Гале.*) Ќе ти ја столчам главата како на змија! (*Го зграпчува.*)

ГАЛЕ: (*Гласно и плашливо.*) Помош! Помош! Ме нападна!

ВИДРА: (*Пискливо ги раздвојува.*) Пушти го! Неранимајко! Пушти го!

СУДИЈАТА: Престанете! Престанете! Тука е суд! (*Оди кон вратата ја отвора и повикува полиција.*) Полиција! Полиција! (*Влегуваат двајца полицајци. Судијата покажува кон Димитар.*) Зграпчете го! Отстранете го од судницата! (*Полицајците го зграпчуваат Димитар и го отстрануваат.*)

ДИМИТАР: (*При излегувањето кон Гале.*) Црна чума да те снајде! Подлец! Лажливец! Крадец! (*Се затвора вратата со тресок.Тишина*)

СУДИЈАТА:(*Кон дактилографката.*) Уф! Каков почеток?!

ДАКТИЛОГРАФКАТА: А каков ли ќе биде крајот?

СУДИЈАТА: Камо среќа да знам!

ГАЛЕ: (*Му се приближува.*) Зарем и вакви нешта се случуваат господине судија?

СУДИЈАТА: И сами гледате, на сè и сешто наидуваме. Ве молам, на своите места, да продолжиме со работа. (*Видра и Гале седнуваат на своите места.*)
СУДИЈАТА: (*Седнат на своето место и кон дактилографката.*) Повикајте ги странките од следниот случај.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: (*Со список в рака, ја отвора вратата и ги повикува.*)
Тужители: Славе и Драгица Хаџијски!
СЛАВЕ: (*Влегувајќи.*) Да.
ДРАГИЦА: (*Влегувајќи.*) Да.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Сопруг и сопруга?
СЛАВЕ: Токму така.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Седнете онаму на слободните столови на првиот ред.
СЛАВЕ: Благодарам! (*Оди и седнува.*)
ДРАГИЦА: Благодарам! (*Оди и седнува до Славе.*)
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Тужените се истите од првиот случај, господине судија.
СУДИЈАТА: Да, знам. Седнете на своето место и кога ќе почне претресот, знаете, забележувајте.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Да, како и вообичаено. (*Оди и седнува на записничката маса.*)
СУДИЈАТА: (*Ја чита тужбата.*) Тужба до Основниот суд во Скопје. Тужители: Славе и Драгица Хаџијски. Тужени: Гале и Видра Никовски. Предмет: Враќање на долг кој произлегува од договор за заем помеѓу горенаведените физички лица во спорот. Тужителите-заемодавачи,

Славе и Драгица Хаџијски поднесуваат тужба против тужените-заемопримачи, Гале и Видра Никовски, поткрепена со нови релевантни факти и докази за новонастанатата состојба. Фактичката положба на тужените потврдува дека во спорот тие се стекнале со приватна сопственост на недвижен имот: куќа и вила и подвижни предмети, кола со што се констатира дека тужените лица се во имотно-правна благосостојба да го вратат долгот од 800.000 денари во целост, отфрлајќи го поранешниот меѓусебен договор од 15.09.1998 година. Доказ: Имотни листови и скици издадени од Катастарот. Увид на самото место од надлежен орган. Според тоа моето прво прашање е: Дали вие тужениот и тужената редовно му ги враќате парите на тужителот според меѓусебниот двостран договор?

ГАЛЕ: Како да не? Јас воопшто не сум рекол, порано и сега дека нема да му ги враќам.

СЛАВЕ: Приговор!

СУДИЈАТА: Да.

СЛАВЕ: Господине судија, редовно не ги враќа, ми ја даде само првата рата и си дозволи една година да помине и ништо понатаму не ми врати.

ГАЛЕ: Тоа е само понекогаш кога немаме доволно пари.

СЛАВЕ: Како понекогаш? Ми даде една рата и помина една година ништо не си ми дал! Слушам гласини дека нема да ми ги вратиш.

СУДИЈАТА: Ќе ве молам без препирки.

ГАЛЕ: *(Кон судијата)* Господине судија, јас ја чувствувам обврската и одговорноста и според

можностите ќе му ги враќам како човек на човек, и се разбира според меѓусебниот договор.

ВИДРА: Да, ќе му ги вратиме како човек на човек, според меѓусебниот договор, рата по рата.

СЛАВЕ: Како, како човек на човек?! Рата по рата... Тоа враќање ќе биде како некој да ми откинува парче по парче од моето тело. Парите ни се потребни и да ни ги вратите во целост.

ДРАГИЦА: Да, во целост.

СУДИЈАТА: Ве молам без расправии!

СЛАВЕ: *(Кон судијаѿа)* Сакаме стан да си купиме за децата, господине судија, живееме под кирија во две соби, а тие...

ДРАГИЦА: (*Се вмешува.*) Сега живеат современ живот во нова голема куќа, со вила во Охрид, Мерцедес со приколка и секое лето одат на одмор во Шпанија!

СЛАВЕ: Да, а ние мизеруваме!

СУДИЈАТА: Без надвикување, со смиреност и праведност во искажувањето.

ВИДРА: Приговор!

СУДИЈАТА: Да.

ВИДРА: Сè што направивме, господине судија, е од кредити од државата: куќа на кредит, вила на кредит, кола на кредит, просто кредитите не потискаат како тешки камења што не можеме да здивнеме слободно. Што се однесува до нивните пари, тие се како сламка во море спрема кредити што и не не помогнаа да дојдеме во ваква состојба.

СЛАВЕ: Приговор!

СУДИЈАТА: Да.
СЛАВЕ: Па, 800.000 денари не е мала сламка за спас, со тие пари човек може да си купи ед стан.
ГАЛЕ: Ако може да речам за себе нешто?
СУДИЈАТА: Повели!
ГАЛЕ: Јас не сум кукавица да бегам од вистината, ниту сум извалкан кому не треба да му се верува. Мислам дека тужителите паднале под влијание на некого, поконкретно, под влијание на поранешната директорка и со оваа тужба сега сакаат да нѐ компромитираат и омалуважуваат како фамилија во јавноста.
СЛАВЕ: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
СЛАВЕ: Мојот разум не дозволува да падне под влијание на туѓи совети, ниту пак под советите на тужениот. Има нешто посилно во мене, а тоа е чесноста и достоинството. Обостраниот договор беше да ни ги враќа парите во рати, но во колку биде во состојба и во целост, а тој си дозволи една години да помине и да заборави на заемот. Затоа сме принудени Судот да го разреши случајот, бидејќи се слушаат гласини ќе ми ги враќал со децении, може и никогаш.
СУДИЈАТА: Договорот е кај мене и така е како што рековте господине Хаџијски, на рати по можност и во целост.
ГАЛЕ: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
ГАЛЕ: Тужителот не треба да биде толку нестрплив, треба да има доверба во мене. Јас до-

вербата ја докажав и во самиот колектив каде заедно работиме. По третпат ме поставија за директор и драго ми е да соработуваме како колеги.
СУДИЈАТА: Ве молам, држете се во искажувањето за предметот. Имате ли уште нешто да кажете?
ГАЛЕ: Не.
СЛАВЕ: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
СЛАВЕ: Господине судија?
СУДИЈАТА: Да.
СЛАВЕ: Господинот директор знае така подмолно да влезе под кожата на друг што тој подоцна ќе ги осети неговите бедни, лажни и алчни злоби на себе, та затоа се покаивме што сме му позајмиле.
ГАЛЕ: Не дозволувам да ме навредува!
СУДИЈАТА: Го молам тужителот без навреди во искажувањето!
СЛАВЕ: Во ред, да се вратам на парите. Тие пари ми беа потпора да си купам стан, но како што гледам исчезнаа без надеж на целосно враќање. Неговото песнопојно искажување е само лажен шлаг на самоволие со безнадежно враќање. Некогаш имав доверба во него, но сега не.
ГАЛЕ: Тужителот не треба да губи поверение во мене.
СЛАВЕ: И ѓаволот да е ќе изгуби!
СУДИЈАТА: Ќе ве молам!

СЛАВЕ: Нека ја продаде вилата или колата и ми ги врати парите во целост! Сит сум на неговите недоследности!
ГАЛЕ: (*Одважно.*) А каде јас ќе одам на одмор? Со што ќе се возам?
СЛАВЕ: (*Налутено.*) А како јас сето тоа го трпам? Живеам во две соби под ќирија и одам постојано пеш.
ВИДРА: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
ВИДРА: (*Милостиво.*) Тужителот не треба да се вознемирува и возбудува. Парите ќе му ги вратиме, можеби во долари, а не во денари.
СЛАВЕ: Кога?
ВИДРА: Кога... тогаш - некогаш!
СЛАВЕ: *(Налутено)* Да, тогаш-некогаш?
СУДИЈАТА: Ќе ве молам без престрелки! Имате ли вие госпоѓа Никовска да додадете уште нешто?
ВИДРА: Да.
СУДИЈАТА: Повели!
ВИДРА: Кога еднаш нè посети и самиот рече дека обостраниот договор е поволен за него, но сега се прашувам, зошто не сака да признае пред Судот?
СЛАВЕ: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
СЛАВЕ: Јас не отидов кај нив да речам дека обостраниот договор е поволен за мене! Отидов таму да ми ги вратат парите во целост бидејќи благосостојбата им се подобри! Се служи со измама и ласкави зборови.

ВИДРА: Напротив господине судија, дојде да ни рече дека меѓусебниот договор одговара на двете страни додавајќи дека ратите може да му ги враќаме кога сакаме со цел да не се влоши нашето добро пријателство.
СЛАВЕ: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
СЛАВЕ: Господине судија, таа навистина умее да измислува. Тоа е типичен фил изматен од нејзиниот розов натрупан кармин на нејзините усни и делумно полиен со лицемерие на нејзиното набабрено и напудрено лице. Ваков цвет чија мајка го родила ќе свене без благослов. Не верувајте ѝ господине судија, од очите ѝ зрачат итрини и само итрини. Не верувајте!
ВИДРА: Ние пријателството не го ставаме на крстопат, а ти не донесе, дури, и на суд госпоние Хаџијски.
СЛАВЕ: Ако причината ја барам, веројатно ќе ја најдам скриена во твојата нечиста крв и слободно можам да се прашам како природата сронила ваков изрод од човечката душа.
ВИДРА: *(Налутено.)* Ме навредува! Силно ме навредува!
СУДИЈАТА: Молк! *(Смирување. Тишина.)* Дали ти, господине Никовски си во состојба да му ги вратиш парите во целост?
ГАЛЕ: *(Отсечно.)* Не! Во никој случај! Домашната финансиска состојба ни е толку лоша што немаме можности за вакво нешто.
СЛАВЕ: Немате?
СУДИЈАТА: Ќе ве молам, не ве прашав!

СЛАВЕ: Да, да, но длабоко верувам дека правичноста ќе ја дотерате да излезе на површината господине судија.
СУДИЈАТА: Господине Никовски, со сите доказни документи што ги имам пред себе благосостојбата не ви е иста како некогаш и сега, зар не?
ГАЛЕ: *(Несигурно.)* Да..., но...
СУДИЈАТА: *(Настојчиво.)* Во нова куќа некогаш не живеевте, сега живеете, зар не?
ГАЛЕ: *(Несигурно.)* Да..., но...
ДРАГИЦА: *(Налутено.)* Нека ја продаде куќата!
СУДИЈАТА: Ќе ве молам не ве прашав!
ДРАГИЦА: Да, да, но верувам дека објективно ќе ја оцените вистината.
СУДИЈАТА: Некогаш, вила немавте, сега имате, зар не?
ГАЛЕ: *(Скоро без глас.)* Да..., но...
ДРАГИЦА: *(Малку погласно.)* Нека ја продаде вилата!
СУДИЈАТА: Ќе ве молам не се вмешувајте!
ДРАГИЦА: Како да не се вмешувам, господине судија, неспокојот ме буди сред ноќен сон! Потоа другарувам со мракот до изгрејсонце. На патот на среќата ни се испречи како невидлив бодликав ѕид, та сега да мизеруваме и неможеме да си купиме стан.
СУДИЈАТА: Мерцедес некогаш немавте, сега имате, зар не?
ГАЛЕ: *(Молчи.)*

СУДИЈАТА: Господине Никовски?
ГАЛЕ: Да..., но...
ДРАГИЦА: Нека го продаде Мерцедесот!
ВИДРА: *(Налутено.)* Какво продавање на Мерцедесот? Да одам пеш до театарот на работа?
ДРАГИЦА: Морници ми минуваат низ телото кога ќе помислам како јас одам со крпени чевли и како живеам, а ти сакаш да бидеш во центарот на луксузот.
ВИДРА: Зошто да не? Таква ми е работата!
СУДИЈАТА: *(Гласно.)* Молк! Молк!
ДРАГИЦА: Каков молк, господине судија, не направија страдалници на сопствените ни пари!
СЛАВЕ: Куќата, вилата или колата, парите си ги сакаме во целост! За одмор може само да сонуваме, а Вие одите во Охрид, Шпанија...
СУДИЈАТА: (*Налутено.*) До колку не се придржувате до редот ќе викам обезбедување!
СЛАВЕ: (*Возбудено.*) Ве разбирам, господине судија, но треба и вие да не сфатите. Поривот на болката врие во моево срце. Верувам дека ќе пресудите праведно и доброто ќе го победи злото.
СУДИЈАТА: (*Смирувачки.*) Ќе ве молам смирете се!
СЛАВЕ: (*Посмирено*) Да, да... добро... (*Тишина.*)
СУДИЈАТА: (*Спремен да ја донесе пресудата. Станува.)* Станете! *(Сите стануваат.)* Доволен беше претресот, мое право беше внимателно да ги сослушам вашите искажувања пред лицето на правдата, истовремено и обврска со аргументи и докази со кои располагам да одлу-

чам по предметот во спорот. Според тоа, во име на судот, еве ја одлуката: Судот врз основа на релевантни факти и изведените докази во текот на постапката, го усвојува тужбеното барање поднесено од тужителите во спорот Славе и Драгица Хаџијски. *(Ведрина на лицето на Славе и Драгица, а тага на лицето на Гале и Видра.)* Судот изрично ја потврди тужбата и ја прогласува како правно основана. Тужените се задолжуваат да ја извршат судската одлука која се состои во следното: Продажба на подвижниот имот, кола и во најскоро време во целост го вратат долгот од 800 000 денари кон тужителите Славе и Драгица Хаџијски. Плаќањето на трошоците во спорот ќе ги сносат тужените. *(Славе и Драгица се прегрнуваат задоволни. Гале и Видра остануваат незадоволни и потиштени.)*

ГАЛЕ: *(Тивко.)* Зарем е ова можно?

СЛАВЕ: *(Му дофрлува.)* Е па, можно е . Когатогаш- некогаш... Виде и сега може...

ВИДРА: *(Зачудено.)* Боже, ни отиде колата!

ДРАГИЦА: (*Задоволна.*) Кога, тогаш, парите мора да ни ги вратите. (*Славе излегува од судницата, а Драгица останува. Гале и Видра остануваат на своите места.)*

СУДИЈАТА: *(Кон дактилографката.)* Ќе ве молам повикајте го тужителот од третиот случај и тужената благајничка! Тужениот и сведокот се веќе тука.

ДАКТИЛОГРАФКАТА: (*Оди кон вратата и ги повикува.)* Тужител: Софија Таневска?

СОФИЈА: (*Влегувајќи.*) Да, јас сум.

ДАКТИЛОГРАФКАТА: Седнете на оној стол од левата страна.
СОФИЈА: Благодарам! (*Оди и седнува на еден од челните столови.*)
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Тужена: Силвана Цикарска?
СИЛВАНА: (*Влегувајќи.*) Да, јас сум.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Повелете, седнете на оние слободни места!
СИЛВАНА: Благодарам! (*Оди и седнува блиску до Гале.*)
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Сведокот, Драгица Хаџијска е тука, господине судија.
СУДИЈАТА: Да, знам. Седнете на своето место и забележувајте кога ќе почне претресот по случајот.
ДАКТИЛОГРАФКАТА: Да, господине судија. (*Оди на своето место, седнува и си ја врши својата работа како и вообичаено.*)
СУДИЈАТА: (*Ја чита тужбата.*) Да ја прочитам тужбата иако ја знаете. Тужба до Основниот суд Скопје. Тужител: Софија Таневска, професорка во ДСТТУ„Војвода Карпош", Скопје. Тужени: Гале Никовски, директор во ДСТТУ „Војвода Карпош", Скопје и Силвана Цикарска, благајничка во ДСТТУ „Војвода Карпош", Скопје. Предмет: Злоупотреба на службена должност и овластување. Тужителот во овој спор Софија Таневска поднесува приватна тужба против лицето Гале Никовски, директор во ДСТТУ „Војвода Карпош", Скопје и Силвана

Цикарска, благајничка во ДСТТУ „Војвода Карпош", Скопје, при што тужените се товарат за кривично дело злоупотреба на службена должност и овластување. Утврдената фактичка состојба покажува дека постојат силни аргументи и цврсти докази како потврда. Докази: Фактура број 100, Извештај од Финансиската инспекција од Републичкиот завод за платен промет и сведок, Драгица Хаџијска.

ГАЛЕ: Господине судија и каменот да има јазик ќе се спротивстави на толку тужби против мене!

СУДИЈАТА: Да не се чувствувате лошо?

ГАЛЕ: Не. Моите психофизички способности се толку цврсти што можат да го издржат најсилниот налет на секоја бура!

СУДИЈАТА: Ако сакате случајот може да се одложи?

ГАЛЕ: Не, никако, ќе го издржам и тој удар бидејќи многу такви сум издржал кога ме сменија од функцијата директор и ете по третпат ме поставија за директор, и благодарение на мојот авторитет кој високо котира во воспитно-образовниот процес во училиштето и во градот.

СУДИЈАТА: Почнуваме! (*Кон Гале.*) Дали ти како тужена странка некогаш си ја злоупотребил својата службена должност?

ГАЛЕ: (*Зачудено.*) Јас? Никако! Во никој случај! Првпат сум на суд за толку тужби и за оваа.

СУДИЈАТА: Ја разгледувавте ли редовно завршната сметка на крајот на годината?

ГАЛЕ: Како да не?
СУДИЈАТА: Дали општествениот книговодител ви има направено некаква финансиска забелешка во однос на некоја фактура?
ГАЛЕ: Не. Тоа може да го потврди и благајничката.
СУДИЈАТА: Благодарам! (*Кон благајничката.*) Дали некогаш некоја фактура се провлекла во текот на вашата работа?
СИЛВАНА: Не. Фактурите добро ги проверувам и редовно ги давам на книжење кај книговодителот.
СУДИЈАТА: Благодарам! (*Кон Драгица.*) Вие како сведок, осум години бевте претседател на Училишниот одбор низ кој поминуваше Завршната сметка, имате ли забелешка на работењето на Гале Никовски?
ДРАГИЦА: Пред сè, завршната сметка не се разгледуваше на Училишниот одбор.
СУДИЈАТА: (*Сериозно.*) Тоа не е можно!
ДРАГИЦА: Кај нас беше можно, господине судија. Сите членови на Одборот беа сомисленици и пријатели на директорот Гале Никовски и не дозволуваа да ја разгледуваме.
СУДИЈАТА: (*Кон Гале.*) Зошто вие како директор сте дозволиле завршната сметка да помине без да се разгледува на Училишниот одбор?
ГАЛЕ: (*Налутено.*) Тоа е нејзина работа која сама треба да ја врши. Таа беше немоќна да води еден таков орган и членовите немаа доверба во нејзината работа!

СУДИЈАТА: Како мислите немаа доверба во нејзината работа?
ГАЛЕ: Едноставно. Таа немаше организациони способности и внесуваше конфузија во раководење на состаноците!
ДРАГИЦА: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
ДРАГИЦА: Господине судија, спротивно од неговото искажување, тоа беа неговите поддржувачи што создаваа конфузија на состаноците и истите самоволно ги напуштаа. Подоцна, дознав дека тие работеле по директива на директорот Гале Никовски напуштајќи ги состаноците и завршните сметки така да поминуват за да може тој послободно да манипулира со финансиското работење и како последица на тоа, еве нè пред суд.
СУДИЈАТА: Дали вие имате некој доказ што ќе потврди дека финансиското работење на директорот Гале Никовски е незаконито?
ДРАГИЦА: Не. Не сум имала прилика да направам некаков увид во неговото финансиско работење. Само се ширеа гласини дека директорот се однесувал многу неодговорно и трошел многу пари.
СУДИЈАТА: Благодарам! (*Кон Софија Таневска.*) Прашање за вас госпоѓо Таневска.
СОФИЈА: Да.
СУДИЈАТА: (*Ја крева фактурата.*) Од каде ја најдовте оваа фактура, под број 100, дека има недоследности во реализацијата?

СОФИЈА: Направив увид во осумгодишното финансиско работење на поранешниот и сегашен директор Гале Никовски и ја најдов оваа фактура дека е фиктивна и нереализирана.
СИЛВАНА: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
СИЛВАНА: (*Нагласено.*) Можеби таа има фиктивна фактура во нејзината смислена злонамера, господине судија.
СУДИЈАТА: Ќе ве молам, внимателност во искажувањето!
СИЛВАНА: Да. Дозволете?!
СУДИЈАТА: Повелете!
СИЛВАНА: Благодарам. Замислете. Едно утро кога таа стана директорка влезе во благајната, ги зеде преостанатите фактури, од времето на Гале и со нив толку силно ме удри што се онесвестив, паднав на подот и не знам што правела со нив веројатно ги фалсификувала.
СОФИЈА: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
СОФИЈА: Се служи со невистини!
СУДИЈАТА: Дозволете, јас да ве прашам?
СОФИЈА: Повелете!
СУДИЈАТА: Кога станавте директорка, дали влеговте во службената соба кај благајничката?
СОФИЈА: Да.
СУДИЈАТА: Ги зедовте ли преостанатите фактури?
СОФИЈА: Да, ги зедов, бидејќи тоа го бараа инспекторите кои беа дојдени, потоа ѝ јас ги прегледав и ги вратив на книговодителот.

СУДИЈАТА: Дали ја најдовте таа фактура под број 100 меѓу нив?
СОФИЈА: Не. Таа фактура ја најдов уште пред четири години, за време на неговото прво директорување.
СУДИЈАТА: Да, да, токму така. Еве тоа го покажува и датата. А дали ја удривте благајничката?
СОФИЈА: Не. Мојата совест не дозволи вакво нешто да направам.Таа измислува, господине судија да ме навреди и да се извлече од ќорсокакот во кој западнала.
СИЛВАНА: (*Налутено.*) Ме удри! Ме удри! Се онесвестив и ги зеди фактурите! Веројатно ги фалсификувала како и самата што рече: Ќе изменам нешто во фактурите и ќе те пикнам тебе и твојот директор в затвор.
СУДИЈАТА: Имате ли доказ дека Ве удри?
СИЛВАНА: Не.
СУДИЈАТА: Тогаш на што да верувам?
СИЛВАНА: На моето објективно искажување.
СУДИЈАТА: Не, госпоѓице Цикарска, потребни се сведоци, факти и така натаму. Благодарам! (*Кон Софија.*) Госпоѓа Таневска?
СОФИЈА: Да.
СУДИЈАТА: Што е практично недостатокот на оваа фактура? (*Ја крева.*)
СОФИЈА: Таа фактура се однесува на набавка на инструменти за електротехничкиот кабинет во вредност од 2 милиони денари.
СИЛВАНА: Приговор!

СУДИЈАТА: Да.
СИЛВАНА: Онаа фактура е подметнатата со цел да го донесе Гале на суд и компромитира во јавноста, господине судија!
СОФИЈА: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
СОФИЈА: Се служи со невистини! Фактурата е во оригинален примерок.
СУДИЈАТА: Да. Таа е во оригинален примерок и експертизата докажа дека ништо не е фалсификувано.
СИЛВАНА: (*Скоро занемено.*) Експертизата?
СУДИЈАТА: Да. Твојот потпис, потписот на Гале Никовски како директор и печатот ја потврдуваат вистината, правичноста и оригиналноста.
СИЛВАНА: (*Неприсебно.*) Молам?
СУДИЈАТА: Ќе ви повторам: Твојот потпис, потписот на директорот Гале Никовски и печатот на училиштето ја потврдуваат вистината, правичноста и оригиналноста на фактурата според тоа, вашето искажување дека фактурата е подметната или фалсификувана е неосновано. (*Ја покажува фактурата.*) Еве ја уште еднаш оваа фактура тешка 2 милиони денари. Сега се поставува прашањето, каде е опремата од електро-техничкиот кабинет? (*Кон Гале.*) Господине Никовски, тогаш Вие бевте директор и Вам ви го поставувам ова прашање. Каде е опремата?
ГАЛЕ: (*Вади ќрпче од џебот и си ја брише потта.*) Опремата?

СУДИЈАТА: Да.
ГАЛЕ: Таа е во кабинетот по електротехника.
СОФИЈА: Приговор!
СУДИЈАТА: Да.
СОФИЈА: Кабинетот е празен! Се служи со невистини.
СУДИЈАТА: Да, благодарам. Финансиската инспекција направи увид на електро-техничкиот кабинет и констатира дека таму нема никаква опрема. Што ќе речеш на тоа како директор?
ГАЛЕ: *(Збунето, бришејќи си ја потта)* Јас?
СУДИЈАТА: Да, вие.
ГАЛЕ: *(Молчи.)*
СУДИЈАТА: Дали знаете каде е опремата за електротехничкиот кабинет?
ГАЛЕ: *(Со трпелив глас.)* Јас?
СУДИЈАТА: Да, ти.
ГАЛЕ: *(Неконтролирано.)* Што беше прашањето?
СОФИЈА: Јас ќе ти помогнам...
СИЛВАНА: *(Налутено.)* Ти ќе му помогнеш?
СУДИЈАТА: Ќе ве молам, јас прашувам?
СОФИЈА: Да, да...
СУДИЈАТА: Прашањето е: каде е опремата од електротехничкиот кабинет?
ГАЛЕ: (*Полека и тивко.)* Не можам да се сетам. Можеби во некој подрум.
СУДИЈАТА: Инспекцијата ги пребара сите подруми и нема никаква трага од неа. Според тоа барам одговор? *(Тишина.)*

ГАЛЕ: Можеби благајничката знае...
СИЛВАНА: Јас не сум примила никаква опрема!
СУДИЈАТА: Тогаш каде е?
СИЛВАНА: *(Отсечно.)* Не знам!
СУДИЈАТА: *(Построго.)* Директоре?
ГАЛЕ: И... јас не знам...
СУДИЈАТА: *(Кон благајничката.)* Како сте можеле толку пари да префрлите за опрема што не сте ја примиле?
СИЛВАНА: Така ми рече директорот Гале Никовски.
СУДИЈАТА: На која фирма ги префрливте?
СИЛВАНА: На приватна.
СУДИЈАТА: Името?
СИЛВАНА: „Виор".
СУДИЈАТА: Дали таа фирма произведува ваква опрема?
СИЛВАНА: Не.
СУДИЈАТА: Дали таа фирма е посредничка?
СИЛВАНА: Да.
СУДИЈАТА: Дали таа посредничка фирма ја набавила опремата?
СИЛВАНА: Не знам. Директорот Гале Никовски знае.
СУДИЈАТА: Дали ти господине Никовски знаеш дали нарачаната опрема е набавена и испорачана?
ГАЛЕ: Не знам.
СУДИЈАТА: Тогаш, како сте можеле во договор со благајничката да префрлите 2 милиони денари?

ГАЛЕ: *(Молчи.)*
СУДИЈАТА: Дали знаеш дека тоа е незаконито?
ГАЛЕ: *(Несигурен одговор.)* Па...
СУДИЈАТА: Колку години поминаа откако сте ги префрлиле парите?
ГАЛЕ: Не се сеќавам.
СУДИЈАТА: Пет. Дали вие го познавате директорот на "Виор"?
ГАЛЕ: *(Тивко.)* Малку...
СИЛВАНА: *(Сериозно.)* Не малку, убаво го познава, господине судија, убаво го познава!
СУДИЈАТА: Дали е тоа точно?
ГАЛЕ: *(Скоро без глас.)* Да, да...
СУДИЈАТА: Господине Никовски, да не должиме многу, дали ги подигнавте тие пари од посредничката фирма?
ГАЛЕ: Не. Благајничката ги зеде.
СИЛВАНА: *(Налутено.)* Лаже судија! Тој ги подигне од директорот на посредничката фирма! Деведесет насто за него и десет насто за посредничката фирма!
СУДИЈАТА: Дали Вие добивте некој дел од оние деведесет насто?
СИЛВАНА: Не, ништо!
ГАЛЕ: *(Гласно.)* Лаже, зеде четириесет насто и ги искористи да си купи кола.
СИЛВАНА: Зборува невистини, господине судија, јас немам кола! Неговото ненаситно око за пари проголта сè.
ГАЛЕ: Тогаш си ги потрошила по барови и кафеани!

СИЛВАНА: Какви барови, какви кафеани!? Измислуваш! Своето достоинство не го продавам за пари! Ти ги подигана тие деведесет насто за себе!
ВИДРА: Приговор!
СУДИЈАТА: Не сте спомнати во тужбата!
ВИДРА: Во врска со случајот...
СУДИЈАТА: Повели!
ВИДРА: Таа лаже, господине судија! Таа дојде кај нас да си ги побара парите! Веројатно и ги добила во некој даден момент.
СИЛВАНА: Зборува невистини, господине судија! Јас не отидов кај нив да побарам некакви пари, туку да го предупредам Гале дека опозицијата работи и може да го открие. И, ете, стигнавме на суд.
ВИДРА: Мислиш ќе се извлечеш?
СИЛВАНА: А мислиш тој ќе се извлече? Овојпат законот ќе се испречи пред неговите недела и неговата алчност, ќе биде казнета зад решетки.
ВИДРА: А ти мислиш ќе останеш надвор од решетките на некоја темница?
СИЛВАНА: Да. Зад нив ќе стои твојот сопруг што ми зададе таква непредвидлива рана. Тој е крив за се, господине судија, јас само ги извршував негови наредби прекршувајќи ги дури и законите. Мислев дека близината на просторот и времето ќе биде лек на душата, но тоа било игра на алчно незадоволство! Тој е крив за фактурата, тој! Тој ненаситник!
ВИДРА: И ти! И ти! Ти исфрлен партал од сите машки прегратки! Дури ми дојде и дома да ги

задоволуваш недостатоците на твојата ненаситна душа за пари! И таа е крива, господине судија! И таа!

СИЛВАНА: Тој е тој! Направивте куќа, вила, одмори во Шпанија, ги ограбивте колегите и пријателите... уште што ли не? Ненаситници!

СУДИЈАТА: *(Гласно.)* Молк! Молк! Ќе викам полиција!

СИЛВАНА: Тој е крив! Тој! Уф, мори мивко светска!

СУДИЈАТА: *(Налутено.)* Доста! Доста! *(Стишување.)* Се чини дека го испразнивте нескриениот електрицитет од вашите срца што го потврди и моето очекување. Според тоа, станете бидејќи ке се изрече пресуда! *(Самиот станува и сите други.)* Судот, врз основа на редовната постапка, утврди дека тужбата поднесена од тужителот Софија Таневска против Гале Никовски и благајничката Силвана Цикарска е правно основана и во целост ги прифаќа и потврдува доказите користени во постапката со кои се покажува несовесното и криминално однесување на директорот Гале Никовски и благајничката Силвана Цикарска. *(На лицата на Софија и Драгица задоволство, а на лицата на Гале и Силвана потиштеност и страв.)* Според тоа нивната работа претставува кривично дело на злоупотреба на службена должност и овластување според член 353, став 1, со намера да прибават за себе и за друг, противправна имотна корист и ќе присвои пари, при што, сторителите на делото прибавиле поголема имотна корист и

предизвикале поголема имотна штета. Во името на граѓаните Судот ја донесе следната пресуда: казна затвор од три години за директорот Гале Никовски и казна затвор од две години за благајничката Силвана Цикарска. *(Во тој миг влегува низ прозорецот Петре, синот на Гале и Видра. Тој е малку неприсебен и во телото нестабилен. В рака држи пиштол.)*

ПЕТРЕ: *(Гласно со поглед кон сите.)* Никој да не мрдне! Секој куршум в чело ќе го погоди! *(Кон судијата.)* Ти!

СУДИЈАТА: *(Исплашено.)* Јас?

ПЕТРЕ: Да, ти! Што си?

СУДИЈАТА: *(Збунето.)* Јас?

ПЕТРЕ: Да, ти! Што си?

СУДИЈАТА: Човек.

ПЕТРЕ: *(Се смее.)* А-ха-ха-ха... човек... Што?

СУДИЈАТА: Судија.

ПЕТРЕ: Така, судија. *(Погледот го задржува на Драгица со вперен пиштол.)* Ти малку напред!

ДРАГИЦА: *(Плашливо прави два чекори напред.)*

ПЕТРЕ: *(Со намуртен поглед.)* Ти! Ти го однесе мојот најверен другар на екскурзија и таму го уби!

ДРАГИЦА: *(Малку охрабрено.)* Не, јас никого не сум убила. И таму бев достојна, грижлива професорка и секого мајчински го советував, но тој без мое знаење заскитал некаде и покасно бил најден мртов од полицијата. Неговото убиство е мистерија. Јас не сум виновна .

ПЕТРЕ: Не си виновна? Тој ни беше душата на другарите. Знаеше како да ја засити сета наша нескриена желба. Сега нè недостасува неговиот глас и неговата појава, а ти и понатаму живееш без никаква грижа на совеста.

ДРАГИЦА: Неговата празнината е ненадоместлива и во мене. И мене тој ми недостасува. Подобро јас да загинев, отколку тој. Сега цел живот некој да ме осудува и трпам неумесни клетви на чистата моја совест.

ПЕТРЕ: *(Со пиштол кон неа.)* Сега кој ќе нè снабдува со цигари и шприцеви? Кога пушевме од неговите цигари, сета моќ беше во мене. Како да летав кон далечните ѕвезди со сета волшебна сила во моето срце. А сега, пак маченик на овој свет. Сè поради тебе.

ВИДРА: *(Гласно и налутено.)* Убиј ја дете! Убиј ја! Таа му го ископа гробот на твојот другар и ти вечно да тагуваш за него! Тој ти беше најверен во добро и лошо! Убиј ја таа кучка! Таа го одведе таму да го убијат!

ДРАГИЦА: *(Скоро низ солзи.)* Јас... јас не сум виновна, не сум убиец... За нив се грижев како мајка за своите деца. Зошто толку со омраза ме обвинуваш?

ВИДРА: *(Налутено.)* Затоа што твојата негрижа го уби детето!

ДРАГИЦА: Жалосно е овој случај да го искористуваш против жена што некогаш ти помогнала. *(Судијата и дактилографката се кријат под бирото.)*

ВИДРА: И ми одмогнала! Пукај сине! Пукај во оваа злобна професорка! Ги уништува учениците, таа го уби твојот најдобар другар!

ПЕТРЕ: *(Се смее неконтролирано.)* А-ха-ха-ха... Во кого прво да пукам? Во неа или во тебе?

ВИДРА: *(Зачудено.)* Во мене?

ПЕТРЕ: Да, во тебе или во неа?

ВИДРА: Во неа дете! Јас сум ти мајка. Зарем во мајка да пукаш? Таа е грешник,

убиец на твојот најверен другар, пукај во неа!

ПЕТРЕ: А ти?

ВИДРА: Што јас?

ПЕТРЕ: Ти си уште поголем грешник на моето детство и младост. Ги слушав вашите расправии за мене! Се чувствував како јамка да ми ставате околу вратот. За Вас сум само украдена фигура од домот, а не Ваш син.

ВИДРА: *(Смирувачки.)* Не, сине, не! Ти така мислиш! Работите тргнаа на добро со татко ти. Пукај во онаа кучка! Погледни ја, се гнасам од нејзиниот лик. Пукај во неа сине! Пукај!

ПЕТРЕ: Од тебе првпат го слушам зборот сине, што ништо не ти значи. Те знам јас тебе. Јас бев заборавено дете од твојата грижа. Ја уништи мојата детска радост и ме остави на улица како скитник.

ВИДРА: *(Плашливо.)* Тргни го пиштолот! Може да пукне.

ПЕТРЕ: *(Гласно и нервозно.)* Лажливке! Чудовиште! Чија крв тече низ мене? Кажи ми сега? Кажи?

ВИДРА: *(Скоро низ плач.)* Мајчина, сине, мајчина...
ПЕТРЕ: *(Заканувачки.)* Мајчина, а? Затоа што пиштолот е вперен кон тебе! Првпат да ги видам твоите горчливи солзи под твоите веѓи како пијавици. Сакаш да станеш холивудска филмска ѕвезда. *(Се Смее.)* а-ха-ха-ха... Ти се ближи крајот лицемерна вештерке!
ВИДРА: Ќе те земиме и тебе сине, не пукај! Зарем во мајка ќе пукаш?
ПЕТРЕ: Мајка? На трпението му дојде крајот! Сакате да избегате од мене како кукавици! Себични суштества... Ништожници...
ГАЛЕ: И тебе, и тебе ќе те земеме, сине! Не пукај во мајка си! Те молам!
ПЕТРЕ: Не ми е мајка, ни ти татко! Растев меѓу вас како студен фрлен камен, незгрижен во топла прегратка. Родителската нежност и добрина беа туѓи за вас. И двајцата сте исти, подли, бездушници... Каде е мојата вистинска мајка и татко? Каде? Зошто ме оставиле в дом да бидам зачеден меѓу ѕверови?
ГАЛЕ: Немој така, сине кон нас! И двајцата те сакаме! Ние не те мразиме. Ти си дел од нашите срца, дел од нашите души... Ќе одиме сите заедно за Холивуд и таму среќно ќе го продолжиш школувањето...
ВИДРА: *(Со плач малку оди напред.)* Кога беше мал, те покривав да не настинеш, те милував по лицето нежно и румено. Кога порасна излета од моите пазуви како сокол. Ти не си сам, ти не си отфрлен. Ти си со нас.

ПЕТРЕ: *(Гневно.)* Лажеш! Не се преближувај! Сè уште го чувствувам твојот студен допир на твојата омраза. Низ телото ми минуваат потресни морници од твоите лажни зборови. Само глумиш! Не си ја згрешила ни професијата! Права видра си од дивината!
ВИДРА: Не, сине, не! Добрината кон тебе ми лежи на душата, те сакам, те чувствувам сине мој! Верувај ми!
ГАЛЕ: Да, сине, да. Така е. Те сака, те чувствува... Те сакаме и двајцата...
ПЕТРЕ: И двајцата сте исти злобни лицемери!
ГАЛЕ: Не, сине не,те сакаме...
ПЕТРЕ: Ме сакате?
ГАЛЕ: Да, чедо да. Ти си наш единствен син. Тргни го пиштолот, те молам!
ПЕТРЕ: *(Одлучно.)* Нема!
ВИДРА: Те молам! *(Прави чекор напред.)*
ПЕТРЕ: *(На повик стој, пука во Видра.)* Стој!
ВИДРА: *(Паѓа смртно погодена изустувајќи.)* Лошо дете... *(Влегуваат двајца луѓе од обезбедувањето, штом го здогледуват Петре со пиштол ништо не преземат.)*
ПЕТРЕ: *(Кон обезбедувачите)* Останете таму! Останете таму!
ГАЛЕ: *(Дотрчува кон Видра.)* Што направи, сине? *(Клекнува и ја зема в раце.)* *Ја уби мајка ти!*
ПЕТРЕ: Уби мајка ти?! Таа не ми е мајка, ни ти татко! *(Пука во Гале.)*
ГАЛЕ: *(Паѓајќи.)* Зарем и тоа е можно, Боже? *(Тишина. Умира, паѓајќи врз телото на Видра.)*

ПЕТРЕ: *(Со заскиӣан ӣоглед кон сиӣе.)* Сега, јас ќе се вивнам горе во небеса, меѓу ѕвездите, во рајот, таму каде животот е вечен. Го слушам гласот на ангелите... Ме викаат: Дојди, дојди... *(Налуӣено.)* Не! Не сакам повеќе да сум страдалник на оваа црна земја, полна со клетници, полна со лажливци, полна со лицемери, полна со крадци, полна со... *(Пука во себе и ӣаѓа мрӣов.)*

*(Тишина.)*

СОФИЈА: *(Тивко.)* Смрт врз смрт.
ДРАГИЦА: *(Тивко.)* Грев врз грев.
СУДИЈАТА: *(Се ӣојавува од ӣод бироӣо.)* Казна врз казна.

*(Заӣемнување на сценаӣа)*

КРАЈ

НАРОДНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
СТРУМИЦА

# Белешка за авторот

Ристо Тодоров е роден 1943 година во Струмица. Основно образование завршил во родниот град. Учителско училиште во Штип, а Филозофски факултет - група англиски јазик со литеретура и македонски јазик во Скопје. Професор е по англиски јазик.

Досега ги има објавено збирките песни: "Гулаб на мирот" (1990) и "Ѓерданчиња и ѕвончиња" (1992) како и драмите: "Ножот" (1995), "Молскавичен ѕвон" (Изведена 1999, објавена 2001) и "Опстанок" (2004).

Драмата "Гневот на злото" е негова шеста книжевна објава. Тодоров се појави пред јавноста и како мошне успешен преведувач: Го има преведено на англиски "Туристичкиот водич на Струмица и струмичко" издаден во 1993 и од англиски на македонски драмата на Харолд Пинтер "Планински говор" која беше изведена и првонаградена за женска улога на Регионалните драмски алтернативни аматерски смотри во 1992. Застапен е во енциклопедискиот именик "Струмичани" (2003), во книгата за Пеги и Греам Рид "...Години... Луѓе... Настани... (2006) и во други весници со свои песни.

Добитник е на повеќе награди и признанија, меѓу кои на Трета награда (2002) и Прва награда (2004) на литературниот конкурс распишан по повод 11 Декември - денот на заштитниците на Струмица - Светите 15 Тивериополски маченици. Во 1998 година во Приморско (Р.Бугарија) бил претставник на Македонија на семинарот за формирање на мрежа на средни училишта од југоисточна Европа во организација на Советот на Европа.

*Издавањето на книгата делумно го овозможија:*

"Рима Комерц" – Струмица
"Гросист" дооел – Струмица
ДТУ "Чифлик" - Струмица
Спортска кладилница "Џордан" - Струмица
ГТД "Изградба" - Струмица
ДПТУ "Навипром" - Струмица
СОУ "Никола Карев" - Струмица
Пицерија "Бонџорно" – Струмица
Илија Андоновски – љубител на литературата

...Ристо Тодоров во својот четврти драмски текст „Гневот на злото" нуди сложена драматуршка разврска на проблемите на етиката и педагогијата во катадневниот училишен и меѓучовечки контекст.

И во тоа разбрането море од индивидуални и масовни проблеми, Ристо Тодоров запливува храбро, како подводен снимател ни отсликува шеснаесет лика со сите нивни чесни и злобни преокупации.

Оформувајќи ги карактерите во трагедијава тој недвосмислено кај читателот предизвикува огорченост, омраза и вчудоневиденост. Со сигурност ќе ни прелета мислата: какво домашно воспитување имал директорот на училиштето Гале и низ какво воспитување минал за да го "примиме" како камелеон кој без срам им се додворува на сите партии, само да дојде до својата цел.

Тодоров жестоко го гради овој лик чии постапки градираат до монструозност и до идиотизам. И токму тогаш, кога имаме чувство дека драмава ќе заврши со светлина и дека вистината ќе добие целосна верификација преку обелоденување на срамните факти, авторот мудро не втурнува во т.н. смртоносната педагогија т.е. од драма не фрла во трагедија. И шекспировски се збиднуваат - казна врз казна, грев врз грев, смрт врз смрт!

Со среќа отсмртување на сцена...

*Мите Грозданов*

ISBN 608-205-004-5

9786082050041

makavej@t-home.mk